


# ВОВЕД

Оваа брошура претставува резултат од работата на проектот "Млади, е-дукација, граѓанско општество". Во проектот користени се методите на учење преку интернет и активен начин на проучување на граѓанското и демократското општество и неговите институции. Сознанијата со кои се стекнаа учениците истражувајќи ги темите на граѓанското општество на интернет ги надополнуваа со информациите добиени од директните посети на институциите на државата и преку интервјуирање на одговорни лица во тие институции. Дел од овие интервјуа се снимени на ЦД кое е исто така продукт на овој проект. Истражувајќи ги темите на граѓанското општество преку интернет и директно на терен и подготвувајќи ги презентациите на своите резултати, учениците го подигнаа своето ниво на знаење од областа на информатичката технологија и граѓанското општество и учеа како да бидат активно вклучени во збиднувањата во општеството.

Во проектот земаа учество ученици од следните средни училишта во Република Македонија:

ДУСО "Браќа Миладиновци" - Скопје, ДСЕМУ "Ѓорѓи Наумов " - Битола, ДСУ "Методија Митевски Брицо " - Делчево, УЦСО "Св. Наум Охридски" - Македонски Брод, Гимназија "Кирил Пејчинович " - Тетово и ДСУ "Ацо Русковски ", Берово.

ИМОР
www.imor.org.mk/programmes/graganskoopstestvo

Демократијата претставува еден од постојните три вида на политички режими:

• Демократски - кога е обезбедно правото на учество на народот во одлучувањето за државни работи и кога се почитуваат и обезбедуваат човековите права; Ниедно модерно демократско општество не може да се откаже од постоењето и активноста на политичките партии. Модерните демократски општеста неможат да се замислат без постоење на партиите или поинаку кажано само во плуралистичките, слободните и демократските општества на партиите може да им се даде некаква смисла.

• Автократски - кога управувачката функција во општеството е сосредоточена во рацете на едно лице или мала група на луѓе;

• Тоталитерен - кога не се признаваат или значително се ограничуваат правата и слободите на личноста и кога е под строг и целосен надзор севкупниот општествен живот; Додека првиот е својствен за државите со долга демократска традиција и во кои реално функционира граѓанскит (цивилниот) сектор, како противтежа и ограничувачки фактор во спрчувањето на носителите на државната власт да не се наметнат над општеството, автократскиот и тоталитарниот политички режим (како и бројни други со истите основни карактеристики), едноставно можат да се наречат недемократски, односно апсолутистички. Демократскиот политички режим, најкратко речено, се засновува врз следниве





суштински елементи кои се меѓусебно поврзани :

Избори
Сета власт во една демократија потекнува од народот. Таа избира пратеници за одреден период. Изборите се вистинското обележје на една демократија.

Парламент
Избраните претставници на народот се собираат во парламентот и донесуваат закони, мораат да го утврдат буџетот итн.

Влада
Ниедна држава не може без влада и нејзината управа, која ги спроведува законите.

Опозиција
Опозицијата стои наспроти владата, ја контролира и се обидува да биде подобра алтернатива за избирачите.

**Поделба на власта**
Еден систем од проверки и балансирања кој се грижи да не дојде до преголеми концентрации на власт во демократската држава, бидејќи концентрацијата на власта често наведува на нејзина злоупотреба.

**Правна држава**
Сета државна власт во една демократија е врзана за право и закон. Дури и суверенитетот на народот своите гаранции ги има во основните права.

## Видови на демократија

Во основа, во правно политичката теорија се зборува за два вида на демократија : посредна и непосредна. Како критериум за ваквата поделба служи начинот на кој демократијата се остварува. Имено ,станува збор за тоа дали власта сета или само дел се изведува директно од народот или тоа се прави во името на народот. Во првиот случај самиот народ непосредно ја извршува власта, а во вториот случај власта во државата ја остваруваат неговите избрани претставници.








## Посредна демократија

Посредната демократија може да биде парламентарен и претседателски систем на владеење.Во посредните демократии без оглед дали се работи за парламентарен или претседателскиот систем на владеење, народот не го спроведува владеењето директно, туку го пренесува на органи, кои го спроведуваат владеењето во името на народот. Велика Британија важи за земја на потекло на парламентарниот систем на владеење, најчестиот тип на конституционалните системи. Најголем дел од западноевропските земји исто така спаѓаат во оваа форма на политичко уредување, додека САД соодветствуваат на моделот на претседаталски систем.

## Парламентарен систем на владеење

Парламентарниот систем на владеење означува извршување на власта преку претставништво. Претставништвото се обликува преку избраните претставници, пратеници од страна на народот. Таквото претставништво врз основа на легитимно спроведените избори во името на народот ја извршува власта и донесува одлуки.Владата во парламентарниот систем на владеење се поставува од парламентот и таа може да биде отповикана од истиот. Правото на кандидирање на народни пратеници во претставничките тела во современите држави речиси целосно е монополизирано од политичките партии; од надвор доаѓаат независни кандидати кои можат да бидат предлагани и од група на граѓани,

односно определен број на граѓани со право на глас. За дејствувањето на посредната претставничка демократија од суштинско значење е прашањето како да се постави статусот на избраните народни претставници, односно на претставничкото тело и како да се организираат односите на претставништвото и претставуваните. Претставиштвото во себе секогаш крие опасност од алиенција(отуѓување) која може да биде голема кога не постојат соодветни институционални инструменти и политичка клима за да се сведе оттуѓувањето на најмала мера. Една од процедуралните можности за решавање на ова прашање, односно, за воспоставување на точно определени односи меѓу претставуваните (избирачите) и избраните претставници е воведувањето на правниот институт - мандат. Во теоријата за претставничка демократија се познати два вида: претставнички и императивен мандат. При постоење на чисто претставнички мандат, претставниците не се одговорни за својата работа пред избирачите за времетраење на периодот за кој се избрани. Тоа значи дека за своите политички постапки надвор и во претставничкото тело не се должни да поднесуваат сметка, а не можат да бидат ни отповикани пред истекот на мандатот за кој се избрани. Во услови на постоење на императивен мандат сосотојбата е токму спротивна. Имено еднаш избраните претставници се должни постојано да даваат извештај за својата работа пред избирачите во својата работна единица.Тие, значи се одговорни пред своите избирачи за својата работа во претставничкото





тело за сето време додека им трае мандатот и во текот на мандатот можат да бидат отповикани. Секој од овие два вида на мандат има добри и лоши страни. Претставничкиот мандат го прави избарниот народен претставник целосно независен од електоратот (избирачкото тело) и ако нема амбиција, низ постојани контакти со своите избирачи да им се претстави во добро светло за да му доверат повторно мандат,тој нема никакви правно формулирани обврски спрема својата изборна единица. Во овој случај, добрата страна е во тоа што народниот претставник е слободен во својата иницијатива да соработува со кого било во преставничкото тело и надвор од него, да се определува и да одлучува според сопствена волја и свест. На тој начин , нему му се овозможува да не биде врзан за некои барања и иницијативи на својата изборна единица за кои самаот ќе процени дека се привремени или од чисто локално знаеење и дека не придонесуваат за согледувањето и решавањето на оние проблеми кои се значајни и заеднички и за другите изборни единици. Добрата страна на императивниот мандат се состои во тоа што избраниот претставник повторно е во позиција да биде контролиран од избирачите во својата изборна единица, редовно да соработува со нив и заедно со нив да ги обликува прашањата и проблемите кои задолжително треба да ги изнесува и за нив да се застапува во претставничкото тело. Ваквата обврска за претставникот е институционализирана, што значи дека избирачите, во случај да бидат незадоволни од начинот на кој нивниот претставник ги застапува во преставничкото тало, секогаш можат

да го отповикаат. Кај овој мандат претставникот, сакал или не, е должен да живее со секојдневните проблеми на избирачите од својата изборна единица. Лошата страна на претставничкиот мандат е во тоа што народниот претставник со самото тоа што институционализирано не е врзан за својата изборна единица, тој и не е должен секогаш да има разбирање за нивните интереси. Тој дури под мотивација дека нивните интереси не се во согласност со заедничките интереси, односно со општествениот интерес на целата заедница, може да ги застапува, наместо автентичните интереси на своите избирачи, лично своите или групните интереси. Кај императивниот мандат, пак, го имаме спротивното. Избраниот претставник, со тоа што институционализирано е врзан за избирачите, не може да се оттргне од големата империја, односно, од проблемите значајни на локално рамниште; или, иако свесен за овој недостаток, не ќе може ниту ќе смее да има разбирање за проблеми на другите, односно за пошироките општествени интереси без да ја има согласноста на изборната единица. На овој начин речиси целосно се умртвува неговата иницијатива, флексибилност, динамичност, со што и самото претставничко тело станува тромо, непродуктивно и неефикасно тело кое постојано ќе заостанува зад општествената стварност. Практиката покажува дека изнаоѓањето мерка меѓу овие два вида на мандат со која ќе се отстранат крајностите и ќе се воспостави сразмерна рамнотежа, е тешка работе. Притоа, најважно е ни за миг да не се изгуби од вид дека избраните претставници застапуваат





некого, а не самите себе, и оти претставничкото тело треба да има можност максимално да ја развива својата иницијатива и ефикасно да може да ги решава проблемите; зошто, конечно, тоа е претставник на целата општествена заедница. Прашањето на мандатот е прашање на изборниот систем. Во Република Македонија, според Уставот во чл. 62 ст. 4, е прифатен претставничкиот мандат.

**Претседателски систем на владеење**

Во претседателски систем на владеење претседателот и конгресот се избираат на одделни избори. Конгрес не може да го смени претседателот заради разлики во политичкото мислење, ниту заради изменето мнозинство. Само во случајот кога некој претседател е виновен за кривични дела, куќата на претставниците може да подигне тужба против него и Сенотот со двотретинско мнозинство може да го отповика неговиот мандат. Претседателот нема доволно средства за контрола на Конгресот бидејќи нема право да го распушти Конгресот и да распише нови избори. Претседателот и членовите на неговата влада, со исклучок на потпретседателот, кој истовремено е претседател на Сенатот, не можат да учествуваат во работата на Конгресот.

Во претседателски систем на владеење претседателот истовремено ги врши функциите на главен државник и владин шеф. Претседателот формално нема можност за покренување на законска иницијатива.

Тој ја поседува само можноста да става вето на законски одлуки на Конгресот. Но, ветото на претседателот може да биде надгласано во обата дома на Конгресот со двотретинско мнозинство.








**Непосредна демократија**

Под непосредна демократија подразбираме таков вид на политички режим во кој при извршувањето на определена власт не постојат посебно избрани органи и народни претставници туку народот сам одлучува. Во модерната држава, непосредната демократија , за разлика од посредната има далеку помало значење и помал обем. Пред се тоа се должи на:

- општествени причини; за постоење на непосредна демократија потребно е исполнување потребен број предуслови од социјална, економска, културна, образовна, психолошка и друга природа;

- технички и физички причини; големината на територијата и бројноста на населението во една современа држава. Мултиплицираното зголемување на прашањата што бараат ефикасен и правовремен политички одговор, не го дозволува арбитрирањето на големо изборно тело на целиот електорат во државата;

- стручни причини; во сферата на политиката се содржани најзначајните и најсуптилните прашања од општествениот живот кои нужно бараат определено политичко знаење и соодветна стучност

- програмски причини; државниот механизам колку често и да преминува од рацете на една во рацете на друга политичка партија и меѓу нив да постојат дијаметритрални разлики-во основа во однос на главните

политички цели треба да се зачува еден континуитет; спротивно би значело градење и разградување на живиот полтички организам на општеството од едни избори до други. Таа способност и тој квалитет го нема кога е во прашање целината на изборното тело.

Можеме да заклучиме дека непосредната демократија не е многу подобна кога е во прашање осмислувањето на политичкиот лик на една современа држава. Навистина, непосредно - демократскиот облик на одлучување е обележје на старовековниот и хелинискиот облик на демократија, карактеристично при постоење на град - држава. Таа, на одреден начин е присутна и во рамките на автономниот статус на феудалниот град-република, а е идеал на многубројните радикално-револуционерни и реформаторски општествени движења и главната потпора во рамките на социјал - утопистичко учење.

Во научната литература и публицистика, исто така, премногу се зборува и се пишува за предностите на претставничката демократија , а многу малку се посветува внимание на расветлувањето и објаснувањето на непосредно - демократските облици: петициите и народната инцијатива, собранието на граѓаните, правото на вето и отповикување, референдумот и слично.

Во досегашната непосредно-демократска практика, меѓу позначајните непосредно демократски облици се спомнуваат:

1. референдумот;
2. собранискиот облик на непосредна демократија
3. народно-законодавната иницијатива;





4. право на вето и
5. право на отповикување

**Создавање на првата демократија**
**Атинска држава**

Демократијата за прв пат се јавува во старогрчкиот град - држава Атина, во петтиот век пред нашата ера. Сите слободни граѓани на Атина согласно на законот имале еднакво право и непосредно учествувале во работата на народното собранието при утврдување на законодавството, внатрешната, надворешната, финансиската и воената политика. Жените, робовите и странците немале политичко право. Управувањето со државата во голема мера било привилегија на богатите граѓани, затоа што сиромашните немале време да се занимаваат со политика. Народното собрание од редовите на слободните граѓани избирало лица кои под заклетва управувале со јавните служби ограничен временски период и биле обврзани јавно да поднесуваат извештаи за својата работа. Облици на современата демократија се јавуваат дури кон крајот на 18. век. Многу теоретичари нивното појавување го поврзуваат со Француската револуција од 1789 година. Дотогаш во повеќето земји власта била во рацете на владетелите кои не биле избирани, туку власта ја наследувале од нивните предци. Во државите кои претставувале апсолутна монархија, владетелот поседувал неприкосновена власт, додека во други владетелот ја делел власта со аристократијата која титулите ги наследувала исто така од своите предци.

Со текот на времето власта на владетелите се намалила и тие прво го изгубиле правото да донесуваат закони, а подоцна и да формираат влада. Законодавната власт ја превзеле тела избрани од народот - собранија односно парламенти. Во голем број од овие земји е прогласена република која е предводена од претседател кој го бира народот. Републиките меѓусебе се разликуваат според тоа како се избира претедателот на републиката, непосредно од граѓаните на избори или го избира парламентот и дали извршната власт ја има претседателот или владата.

**Облик на политичкиот систем во Република Македонија**
**Систем на парламентарна демократија**

Уставот на Р. Македонија на сосема нов начин ги определува основните карактеристики на државноста на Р. Македонија. Имено, според член 1 став 1 на Уставот - Р. Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава. Во првата алинеја од преамбулата на Уставот кон овие белези на државата се додава и граѓанскиот карактер на државата. Демократскиот карактер на државата го означува пред се, основното обележје на политичкиот систем и го опфаќа, во една поширока смисла, обликот на политичкото општество кое ја решава првата цел на човекот - слободата. Во суштина во политичкиот систем и во демократскиот карактер на државата лежат одредени принципи кои се однесуваат на власта и на политичките односи, на организацијата на државната власт и, воопшто,





на политичкиот живот на заедницата. Според ова Р. Македонија е парламентарна демократска република, а највисоко законодавно и претставничко тело на граѓаните е Парламентот на Р. Македонија - Собрание , составено од 120 пратеници. Власта е поделена на извршна и судска власт. Извршната власт ја вршат Претседателот на Републиката, кој се избира на непосредни избори со мандат од пет години, и Владата која ја избира Собранието од редовите на партијата или коалицијата што победила на парламентерните избори. Овие избори се одржуваат на секои четири години. Судската власт ја вршат Основните судови, Уставниот суд и Врховниот суд на Р. Македонија. Врховниот суд се избира од Собранието и е највисок судски орган. Уставниот суд, пак ја штити уставноста и законитоста во државата, како и човековите права и слободи.

**Основни илустрации на либерално-претсавничка демократија**

Основни институции на либерално - претставничката демократија се слободните избори и претставничко тело (парламент, односно собрание). Слободните избори претставуваат основен столб на оваа демократија. Слободните избори се засновват врз правото на глас за сите граѓани, државјани, кои се појавуваат во својство на избирачи. Всушност , ова право овозможува граѓаните поделени по изборни единици да одлучат кој поединец или политичка партија во определен мандат ќе ја добие довербата на мнозинството и ќе стане народен пратеник.

Постои активно и пасивно избирачко право.Во првиот избирачки случај граѓанинот има право непосредно да учествува во изборот на народни претставници, додека во вториот случај, бирачкото право претставува право на граѓанинот да биде биран за претставник. И активното и пасивното избирачко право може да биде општо или ограничено. За општо право на глас зборуваме тогаш кога сите полнолетни и душевно здрави државјани на една земја имаат изборно право. За ограничено избирачко право зборуваме кога од различни причини сите граѓани немаат право на глас

**Демократски избори**

Во демократските општества владеењето на волјата на народот се карактеризира со државна власт која е избрана од народот на изборите. Изборите за да бидат демократски треба да исполнуваат неколку услови. Тие треба да бидат општи, еднакви,непосредни, тајни, слободни и редовни.

**Општо изборно право**

Овој услов укажува дека сите граѓани во државата имаат подеднакви право да бираат и да бидат избрани од одредена возраст нагоре без обзир на нивната раса, пол, етничка и верска припадност, јазик, имотна состојба, образование, професија и политишко убедување.





**Подеднакво изборно право**

Овој услов е исполнет кога гласот на секој избирач има подеднаква тежина т.е. еден избирач значи право на еден глас.

**Непосредно изборно право**

Секој избирач има право на изборите да гласа непосредно, а не преку свои застапници.

**Тајно изборно право**

Изборите треба да бидат тајни односно да не се води евиденција кој избирач кому му го дал својот глас. Овој услов е неопходен за да избирачите не трпат консеквенци поради својото гласање.

**Слободно изборно право**

Секој граѓанин треба слободно да избере дали ќе гласа и ако гласа кому ќе му го даде својот глас без некој да врши притисок врз неговиот избор.

**Редовни избори**

Редовни избори значи дека граѓаните на изборите му даваат на избраниот претставник или претставници временски ограничен мандат после кој повторно следат нови избори. На новите избори граѓаните

раководејќи се од тоа колку се задоволни од работата на избраниот претставник или претставници гласаат за истите или бираат нови претставници.

Покрај овие услови кои треба да бидат задоволени, изборите треба да бидат фер односно да се одвиваат во еднакви услови за сите учесници. Пред се ова се однесува на финансиските средства кои партиите ги трошат во изборните кампањи за претставување на своите кандидати и програми. Во многу земји овој износ е лимитирам за да не се случи побогатите партии да бидат привилегирани. Државните медиуми за време на изборите мора да издвојат подеднакво време од својата програма за претставување на сите учесници во изборите. Државните органи треба да бидат неутрални кон сите учесници во изборите.

**Изборни системи**

Граѓаните може да избираат претставници во училишни одбори, разни комисии, градски совети итн. Најважни избори се оние на кои граѓаните ги избираат претставниците во највисокото законодавно тело на државата, парламентот, кој во нашата држава се вика Собрание на Република Македонија. Изборен систем претставува збир од правила дефинирани со закон според кои се одвиваат изборите. Изборите во одделни демократски општества се разликуваат меѓусебе по изборниот систем според кој се спроведуваат изборите. Парламентарните избори можат да се спроведуваат според:





- мнозински принцип
- пропорционален принцип
- комбиниран мнозински и пропорционален принцип, кој важи во Република Македонија

Кај изборите со мнозински принцип целата изборна територија се дели на толку изборни единици, колку што постојат пратенички места во парламентот. Сите партиски или независни кандидати се кандидираат во некоја од изборните единици. Според тоа како кандидатите ги добиваат гласовите мнозинскиот принцип може да биде: систем на релативно мнозинство; Кандидатите се избираат во еден круг при што кандидатот кој во својата изборната единица добил ралативно мнозинство на гласови, односно повеќе гласови од било кој друг кандидат, станува пратеник од таа изборна единица. систем на апсолутно мнозинство; Кандидатите се избираат во два круга при што во дадена изборна единица изборот го добива оној кандидат кој ќе освои апсолутно мнозинство т.е. 50% од вкупниот број гласови. Во сите изборни единици во кои кандидатите не освоиле апсолутно мнозинство се спроведува втор круг на избори во кој трката за престиж обично се одвива меѓу два кандидата кои освоиле најмногу гласови. Кандидатите кои не влегуваат во вториот круг можат да влијаат врз политичката сцена гласајќи за оној кандидат кој е поблизок до нивните цели. Оваа можност не се среќава кај системот на релативно мнозинство. На изборите кои се спроведуваат според системот на апсолутно мнозинство успеваат воглавном

кандидатите кои се претставници на големи партии додека кандидатите од малите партии имаат мали можности за освојување на апсолутно мнозинство на гласови. Одтука и мнозинскиот систем најчесто се среќава во земјите кои имаат двопартиски систем. Во двопартиските системи една од двете големи партии добива апсолутно мнозинство на гласови во парламентот и може да формира стабилна влада. Неможноста на малите партии да учествуваат рамноправно со големите партии на изборите се смета за недостаток на мнозинскиот принцип. Обидите да се надмине овој недостаток предизвикале појава на повеќе видови на пропорционални изборни системи чија основна цел е парламентот да не го сочинуваат само големите партии туку во неговата работа да земат учество и претставниците на малите делови од избирачкото тело. Постојат пропорционални системи со различна поделба на изборни единици, но како чист пропорционален систем се смета оној во кој државата претставува една изборна единица. Кај овој пропорционален систем секоја партија или коалиција од партии се кандидира со своја изборна листа која содржи онолку кандидати колку што се избираат пратеници во парламентот. Според бројот на освоените гласови на изборите со помош на математичка формула се пресметува колкав број на мандати ќе добие секоја листа. Како недостаток на пропорционалниот принцип се јавува преголемиот број на партии во парламентот што условува настабилност на владата. Исто така за недостаток на пропорционалниот систем се смета фактот дека избирачкото тело не ги избира непосредно





кандидатите кои ќе влезат во парламентот, туку гласа за одредена листа со што го определува само бројот на кандидати кои од таа листа ќе влезат во парламентот. Потоа партиите или коалициите од партии кои ги предложиле листите избираат кои од кандидатите што се наоѓаат на листите ќе влезат во парламентот. Со тоа овој систем го намалува влијанието на избирачите врз политичката сцена во државата. Во најголем број на држави се применува комбинација од двата изборни система, така што дел од пратениците се избира со мнозинскиот принцип, а другиот дел со пропорционалниот принцип.

Изборот на пратеници во Собранието на Република Македонија е регулиран со закон.

**Парламент**

Парламентарниот систем на владеење означува извршување на власта преку претставништво. Претставништвото кое владее со законодавната власт се обликува преку избраните претставници, пратеници од страна на народот. Избраниот пратенички состав го формира највисокиот законодавен орган во државата - Парламентот кој во различни држави зависно од традицијата на државата носи различно име, на пр. во Велика Британија највисокиот законодавен орган се вика Вестминистерски Парламент, во Соединетите држави - Конгрес, во Руската Федерација - Дума, во Хрватска - Собор, во Македонија - Собрание итн. Најважна задача на парламентот е да се

утврди политичката насока на државата преку нејзино определување со закони ( законодавна функција ). Затоа парламентот се означува како законодавна власт (легислатива). Покрај оваа најзначајна функција, парламентот кој е директно легитимиран од народот на избори има и други задачи. Основните функции на парламентот се:

- законодавна функција
- изборна функција
- контролна функција
- артикулаторна функција и функција на формирање на волја






**Законодавна функција**

Законодавната функција парламентот ја остварува со донесување на закони врз база на предлог - закони (иницијативно право) кои можат да бидат дадени од разни органи, но најчест предлагач на предлог законите е владата затоа што таа поткнува од мнозинството во парламентот и нејзините предлог закони имаат најмногу можност да бидат усвоени. За предлог - законот се дискутира на седниците на парламентот. Овие дискусии најчесто го подобруваат предлог - законот, а потоа тој се става на гласање. Во најголем број на случаи законот се прифаќа ако за него гласало релативното мнозинство на парламентот. Ако законот се однесува на измени во уставот или на прашања од важни области тогаш за негово прифаќање треба да гласа квалификувано мнозинство од парламентот (најчесто две третини од вкупниот број на пратеници).

**Изборна функција**

Во парламентерните политички системи парламентот го избира шефот на владата - премиерот, а некаде и комплетниот состав на владата. Парламентот покрај тоа што има право на отповикување на премирот и владата, тој може и да влијае на политичката насока на владата бидејќи таа потекнува од неговите редови. Парламентот ги избира и членовите на Врховниот суд со што ја определува и легитимноста на овој орган.

**Контролна функција**

Парламентот го контролира извршувањето на законите преку владата користејќи различни средства согласно деловникот на парламентот во соодветната држава. Но, бидејќи владата потекнува од мнозинството во парламентот контролната функција воглавном ја врши опозицијата т.е. малцинсвото во парламентот.

**Артикулативна функција и функција на формирање на волја**

Членовите на парламентот се директно избрани од народот и тие се должни да ги следат политичките стремежи на оние кои ги избрале. Седниците на парламентот јавно се пренесуваат преку медиумите со што се овозможува формирање на јавното мнение и политичката волја на народот.

**Собрание на Републака Македонија**

Република Македонија е парламентарна држава во која законодавната власт и припаѓа на Собранието на Република Македонија кое е составено од 120 пратеници избрани од народот на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Изборот на пратениците се одвива според пропорционелниот изборен систем. Територијата на Р. Македонија е поделена на шест изборни единици. Од секоја изборна единица се избираат 20 пратеници. Народот не ги избира непосредно претставниците во собранието, туку гласа за одредена листа на кандидати. За пресметување на мандатите од листите на кандидати се ползува Донтовиот метод. Времетраењето на мандатот на еден пратенички состав изнесува четири години. Основни задачи на пратеничкиот состав се да донесува закони кои претставуваат општи и обврзувачки норми со кои се дефинираат правните рамки на граѓанскиот живот и да ја избира и контролира извршната власт на која во рамките на законот и е доверено на најконкретен начин да управува со државата. Граѓаните кои сакаат да ја согледаат состојбата во општеството и државата и да се вклучат активно во процесот на донесување на одлуки, неопходно е да ги знаат надлежностите, структурата, составот и процесот на одлучување во ова највисоко преставничко тело на државата.

Според Уставот на Република Македонија, надлежностите на Собранието на Република Македонија се:

го донесува и изменува Уставот на Република Македонија;
донесува закони и дава автентично толкување на законите;
ги утврдува јавните нарачки;
донесува републички буџет и завршна сметка на буџетот;
донесува просторен план на Републиката;
ратификува меѓународни договори;
одлучува за војна и мир;
донесува одлуки за менување на границите на

Републиката;
донесува одлуки за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;
распишува референдум;
одлучува за резервите на Републиката;
основа совети;
избира Влада на Република Македонија;
избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;
врши избор и разрешување на судии;
врши избори, именување и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Устав и со закон;
врши политичка контрола и надзор над Владата и над други носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;
дава амнестија и
врши други работи утврдени со Уставот.
За извршување на своите надлежности Собранието донесува акт - "Деловник на Собранието" според кој се организира работата на Собранието и работните тела.

**Структура на Собранието на Република Македонија**

Од пратеничкиот состав на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (61 пратеник) се избира Претседател на Собранието со мандат од четири години.
Претседателот на Собранието го претставува





Собранието, ги свикува седниците на Собранието и раководи со нив, се грижи за примена на Деловникот на Собранието, ги потпишува указите за прогласување на законите и врши други работи утврдени со Уставот на Република Македонија и со Деловникот на Собранието.
Од редовите на пратениците со мандат во траење од четири години се избираат најмногу двајца Потпреседатели кои имаат задача да му помагаат на претседателот на Собранието во вршењето на неговата функција и го заменуваат во случај на одсутност или спреченост.
Од пратеничкиот состав на Собранието се формираат постојани работни тела за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието, за следење на извршувањето на актите на Собранието како и за проучување и претресување на други прашања од неговата надлежност. Со работата на работните тела управуваат Претседатели и заменици на претседатели на работините тела.

**Постојаните работни тела на Собранието на Република Македонија се:**

- Комисија за уставни прашања
- Законодавно-правна комисија
- Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците
- Комисија за одбрана и безбедност
- Постојана анкетна комисија за заштита на слободите

и правата на граѓанинот
- Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање
- Комисија за економски прашања
= Комисија за финансирање и буџет
- Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Комисија за транспорт, врски и екологија
- Комисија за образование, наука и спорт
- Комисија за култура
- Комисија за здравство
- Комисија за труд и социјална политика
- Комисија за прашања на изборите и именувањата
- Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања
- Комисија за европски прашања
- Комисија за надворешна политика

Собранието именува генерален секретар кој раководи со Стручната служба во Собранието која му помага на Претседателот на Собранието во подготовките и организирањето на седниците на Собранието.

**Права и должности на пратениците**

**- Присуство на седница и учество во работата на Собранието**
Пратеникот има право и должност да присуствува на седниците на Собранието и да учествува во работата и





во одлучувањето.
**- Пратенички групи**
Во Собранието се образуваат пратенички групи. Пратеничката група ја сочинуваат најмалку петмина пратеници кои припаѓаат на една или на повеќе политички партии. Пратеникот може да биде член само на една пратеничка група.
**- Право на информирање на пратениците и обезбедување услови за вршење на функцијата пратеник**
На пратениците им се доставуваат сите службени публикации што ги издава Собранието и информативните и документациони материјали што се доставуваат до Собранието, заради нивно целосно информирање.
**- Пратенички прашања**
Пратеникот има право на претседателот на Владата на Република Македонија (Влада), на член на Владата и на други носители на јавни функции кои ги избира или именува Собранието, да им постави прашање што се однесува на нивната работа или на работи од нивната надлежност.
**- Интерпелација**
Интерпелација може да постават најмалку петмина пратеници за работата на носителот на јавна функција кој го избира Собранието, Владата и секој нејзин член поединечно, како и за прашање од работата на државните органи.
**- Чување на тајна**
Пратеникот е должен да ја чува државната, службената, воената и деловната тајна
**- Имунитет на пратеници**

Пратеникот ужива имунитет од денот на верификацијата до денот на престанокот на мандатот.

**- Престанок и одземање на мандатот на пратениците**

• На пратеникот му престанува мандатот или може да му биде одземен мандатот само во случаите и на начин утврдени со Уставот, закон и овој деловник.

• Пратеникот оставката ја поднесува лично на седница на Собранието и може да ја образложи. Собранието без претрес констатира дека на пратеникот му престанал мандатот на денот на одржувањето на седницата.

• На пратеникот кој е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години, му престанува мандатот.

• За пратеникот осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на пратеничката функција...

• За пратеникот кој неоправдано отсуствувал од седниците на Собранието повеќе од шест месеци

**Одлучување во Собранието**

Собранието може да донесува одлуки само во случај кога работи во присуство на мнозинство од пратеници т.е. 61 пратеник при што за одлуката која е поставена на гласање треба да гласа мнозинството од присутните пратеници, но не помалку од 1/3 од вкупниот пратенички состав т.е. 40 пратеника. За донесување на одлуки кои се однесуваат на измени во Уставот, уредување на судството, одбраната, локалната самоуправа и други системски закони потребно е двотретинско





мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Донесувањето на одлуки се врши со јавно гласање при што се користат технички помагала или со кревање на рака. Поименично изјаснување на пратениците, со цел точно да се утврди бројот на гласови кога предлогот кој се гласа добил пет гласа повеќе или помалку од потребниот број за негово донесување, маже да се направи по барање на Претседателот на Собранието или по барање на пратеник чиј предлог е подржан од најмалку десет пратеници

Изборот или разрешувањето на носителите на јавните функции се врши со тајно гласање со помош на гласачки ливчиња.

Според Уставот на Република Македонија седниците на Собранието се јавни. Собранието може да работи без присуство на јавноста само ако за тоа се изјаснило двотретинското мнозинство на гласови од вкупниот број на пратеници..

**Донесување на закони во Собранието**

Донесувањето на законите во Собранието најчесто се одвива во две фази: **предлог за донесување на закон** и **предлог на закон**.

Во случаите кога законот се однесува на покомплексни прашања, донесувањето на законот може да се одвива во три фази: **предлог за донесување на закон, нацрт закон** и **предлог на закон.**

Секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија можат да поднесат иницијатива за донесување на закон.

Оваа иницијатива Претседателот на Собранието ја доставува во писмена форма до пратениците и Владата.

**Предлог за донесување на закон** има право да поднесе секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10.000 избирачи (овластен предлагач на закон). Предлогот за донесување на закон треба да биде образложен и да содржи уставна основа, причини заради кои треба да се донесе законот, основни начела врз кои треба да се засновува законот и содржина на законот. Предлогот за донесување на закон се поднесува до Претседателот на Собранието кој најдоцна во рок од пет дена од доставувањето на предлогот треба да го достави на пратениците и Владата кога таа не е предлагач на законот. Предлогот за донесување на закон го разгледуваат работните тела во чиј делокруг спаѓаат прашањата што се уредуваат со тој закон и законодавно - правната комисија и поднесуваат извештај до Собранието. Предлогот за донесување на закон, Претседателот на Собранието го става на дневен ред на седницата на Собранието, најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на предлогот. Ако Собранието оцени дека има потреба да се донесе законот, со заклучок го усвојува предлогот за донесување на закон. Најдоцна во рок од 60 дена од денот на усвојувањето, предлагачот е должен да поднесе **предлог на законот**. Во случаите кога предлогот за донесување на закон се однесува на комплексни прашања, овластениот предлагач изготвува нацрт на законот најдоцна во рок од 45 дена по денот на усвојувањето на предлогот





за донесување на закон. Нацртот на законот се разгледува од надлежните работни тела пред да се стави на претрес на седница на Собранието. По нацрт законот може да се одржат и јавни расправи на кои граѓаните ќе го произнесат своето мислење по нацрт законот. Забелешките по нацрт законот се доставуваат до предлагачот на нацртот за да ги земе во предвид при изработката на предлог на законот. **Предлогот на законот** се поднесува во форма во која се поднесуваат законите. По него се применува истата постапка како и по предлогот за донесување на закон. Собранието го донесува законот ако за неговото донесување се изјаснило мнозинството од присутните пратеници, а најмалку една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство. Законите се прогласуваат со указ кој го потпишуваат Претседателот на Република Македонија и Претседателот на Собранието на Република Македонија.

**Влада**

Во текот на историјата се покажало дека сите граѓани на една државата не можат непосредно да управуваат со државата, да донесуваат одлуки и истите да ги спроведуваат. Само едно лице или од мал број на лица можат да ја извршуваат оваа задача, а нивното управување може да биде контролирано од парламентот и граѓаните на таа државата. Најнепосредното управување со државата т.е. извршната власт во државата ја има владата која претставува колективен орган на управување кој се

избира после парламентарните избори. Членовите на владата не се избираат на непосредни избори туку нив ги избира парламентот кој има овластување и да ја распушти владата во колку не е задоволен од нејзиното управување. Непосреден избор на претседател на владавлада денес не се среќава. Во текот на историјата во некои држави, како во Израел во дваесетите години на минатиот век, се практикувало граѓаните непосредно да го избираат претседателот на владата,т. е. премиерот, но оваа практика не се покажала добра, така што денес нема држава во која премиерот се избира директно од граѓаните. Иако владата не се избира на непосредни избори таа претставува легитимен извршен орган кој се избира од страна на пратениците согласно на уставот на државата. Бројот на партии кој е застапен во владата зависни од тоа кој изборан систем се практикува во државата (мнозински или пропорционален), колкав е бројот на пратеници на владеачката партија во парламентот итн. Според бројот на партиите кои се застапени во владата, владите можат да бидат еднопартиски, двопартиски и повеќепартиски. Типичен пример на еднопартиска влада претставува Владата на Валика Британија. Иако еднопартиските влади се карактеризираат со голема ефикасност во работењето се смета дека за демократски развој на државата, градење на политичка толеранција и поделба и контрола на власта, подобро е владата да биде повеќепартиска. Во текот на историјата најголема стабилност покажале двопатриските влади во кои влегуваат членови од владеачката партија и членови од друга помала партија со слична идеологија. Овие





влади можат ефикасно да работат при донесување на политички одлуки и можат да обезбедат парламентарно мнозинство за нивно изгласување. Во државите кои претставуваат федерација или имаат регионална организација (карактеристично за Шпанија и Италија) се среќаваат повеќе влади кои немаат еднакво овластување и надлежности. Во овие држави покрај федералната влада се среќаваат и национални или регионални влади чии надлежности се јасно дефинирани и кои имаат помало овластување од федералната влада. Владата е колективен орган на управување во чиј состав влегува Претседателот на Владата - Премиер, неговиот заменик - Потпреседател на Валадата и министрите чиј број се разликува во различни држави, но во најголемиот број на европските демократски држави не е помал од 15. Владата е овластен предлагач на закони кои во најголем број на случаи се изгласуваат во парламентот ако владеачката партија или коалиција од партии го има обезбедено потребното мнозинство во парламентот. Покрај тоа ќто владат има овластување да предлага закони на парламентот, таа донесува и одредби со кои се овозможува извршувањето на тие закони во сите области на кои тие се однесуваат. Функционирањето на владата, нејзините одговорности и овластувања се во согласност со уставот на државата.

## Влада на Република Македонија

Владата на Република Македонија претставува колективен орган кој ја води надворешната и

внатрешната политика на државата. Владата на Р.М. ја избира Собранието на Р.М. после неговото конситуирање. На изборот на Владата и претходат политички договори, а процедурата за формирање на Владата е одредена со Уставот. Владата се формира од претставници на политичката партија или партии кои освоиле најмногу гласови на парламентарните избори. Во состав на Владата влегува Премиерот (Претседателот на Владата), четири заменици на Претседателот на Владата и 14 министри. Работата на Владата се одвива на редовни седници за кои однапред е познат терминот на одржување и вонредни седници кои се закажуваат на барање на Премиерот во вонредни околности за кои е потербно навремено да се реагира. Одлуките во Владата се донесуваат со мнозинството на гласови на седницата. Клучни органи во Владата се одделните министерства:
- Министерство за одбрана
- Министерството за внатрешни работи
- Министерство за правда
- Министерството за надворешни работи
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за финансии
- Министерство за образование и наука
- Министерство за економија
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерство за транспорт и врски
- Министерство за здравство
- Министерство за култура
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за животна средина и просторно планирање



Покрај министерствата во Владата се формира и *Генерален секретарјат, Самостојни органи, Органи во состав, Управни организации и Комисии* со цел за законито, ефикасно и транспарентно работење на Владата на Република Македонија.

Владата е овластен предлагач на закони кои ги предлага на Собранието на Р.М. на разгледување и усвојување. Владата според Уставот на Р.М. има право да донесува и одредби кои се на понизок ранг од законите и имаат за цел да го олеснат спроведувањето на законите во сите гранки на општеството. Покрај одредбите Владата донесува и одлуки, заклучоци, препораки и резолуции со цел да ја подобри состојбата во одредени области, да го искаже својот став или да предложи конкретно решение за одредено прашање. Владата формира *Агенција за информации* чија задача е благовремено и трнспарентно информирање на јавноста за нејзината работата.

**Опозиција**

Опозицијата во целина е составена од вонпарламентерна опозиција и парламентарна опозиција. Вонпарлементарната опозиција ја сочинуваат сите оние групации кои со помошна различни видови на протести, блокади, демонстрации и други видови на негодување го искажуваат своето незадоволство кон власта. Парламентарната опозиција ја сочинуваат

сите оние партии кои го немаат мнозинството на гласови во парламентот. Улогата на парламентарната опозиција е да ја контролира, критикува владата и да претставува нејзина алтернатива. Текстот што следи се однесува на парламентарната опозиција.

Според задачата која пред себе си ја поставува, опозицијата таа може да биде компетативна и коопративна. Компетативната опозиција се поставува секогаш во контапозиција кон владините одлуки. Целта на оваа опозиција е да ги обелодени сите недостатоци на владината политика пред избирачкоте тело и создаде простор за себе на наредните избори. Помеѓу компататизната опозиција и владеачкото мнозинство доаѓа до остри судири на парламентарните седници при што владеачкото мнозинство ги брани своите одлуки, а опозицијата ги изнесува нивните недостатоци и грешки. Чисто компетативната опозиција доколку припаѓа на голема партија може да ја наруши стабилноста на политичкиот систем. Оваа опозиција најчесто понудува алнернативни решенија кои не е во можност да ги исполни во случај да ја превземе власта. Кооперативната опозиција не ги става во преден план следните избори и борбата за придобивање на избирачкото тело, туку се обидува да ги презентира своите согледувања со цел владините одлуки да бидат колку е можно поблиски до законските регулативи. Чисто кооперативната опозиција каја постојано соработува со владата за подобрување на нејзините предлози, не го привлекува вниманието на избирачкото тело и нема големи можности





за превземање на власта на следните избори. Улогата која ја има опозицијата во парламентарниот систем, да критикува, контролира и претставува алтернатива, наметнуваат комбинирани однесување на опозицијата т.е. мешање на компатитивното и кооперативното однесување. Опозицијата чие постоење е овозможено од демократијата има значајна улога во контрола на моќта на владата и владеачката партија и не дозволува таа да се идентификување со државата. Бидејќи владеачката партијата или коалицијата од партии која го има мнозинството во парламентот има малку повод остро да ја критикува владата која произлегува од неа, опозицијата ја превзема задачата да врши контрола на егзекутивата. Опозицијата исто така има големо влијание врз процесот на донесување на законите во парламентот. Покрај тоа што внесување на промени во уставот најчесто зависи од согласноста на опозицијата, таа игра значајна улога и во работата на парламентот обезбедувајќи опсежни дискусии за сите проблеми во законодавството. Сите овие дискусии се достапни на јавноста бидејќи парламентарните седници се директно пренесувании во медиумите.

### Поделба на власта

Поделбата и ограничување на власта е потребна од едноставната причина дека секој што поседува политичка моќ може да биде заведен од нејзината злоупотреба. Во демократските заедници државната власт се распределува на самостојни органи кои можат меѓусебно

да се контролираат и на тој начин се оневозможува конвентрација на моќта преку монополизирање. Поделбата на државната моќ на повеќе, меѓусебно независни инстанци е најчесто утврдена со уставот на државата.. Во него се определени компетенциите на одделните државни органи . Една таква уставна поделба на државните компетенции има за цел не само постигнување на меѓусебна контрола на органите, туку воедно овозможува и прегледност и предвидливост на државниот апарат . Поделбата на државната моќ го заштитува граѓанинот од државното своеволие и обезбедува и припадниците на јавните служби да се обврзани кон законот и правото. Јавните служби можат да делуваат само ако за тоа им е доделена надлежност, а таа надлежност не можат едноставно да си ја припишат по сопствена волја, туку треба да им е определена со Уставот или законот. Според традиционалните учења власта може да се подели според трите основни функции на државата на: законодавна, извршна и судска. Секоја од овие три функции треба да биде спроведувана од одделни органи за да се обезбеди слобода на граѓаните. Поделбата на овие три власти неможе да биде прецизно определена со уставот, особено кога се работи за законодавната и извршната власт. Фактот дека парламентот ја избира и може да ја собори владата е некомпатибилен со барањето за стриктна поделба на власта. Парламентот во владата ги избира оние членови од своите редови во кои има најголема доверба и може да си обезбеди влијание кај нив. Од една страна, владата меродавно учествува при изработката на законите и не се





ограничува само на спроведувањето на законските одлуки во парламентот. Можат да се најдат низа примери кои укажуваат дека владата и парламентот се принудени да делуваат заедно во определени државни акти. При тоа притисокот на меѓусебната соработка претставува еден контролен елемент. Судството е јасно одделено од извршната и законодавната власт иако можат да се најдат примери кои укажуваат на постоење на пресеци и меѓу овие власти. Владата и парламентот го избираат врховното судство, но тоа во основа не влијае на мешање на нивните компетенции. Од овие причини судската власт спаѓа во доменот на контрола. Во поделбата на власта и нејзината контрола спаѓаат и демократските избори кои се пропишани со закон. Граѓаните на изборите власта ја пренесуваат на носителите на мандатите за определен временски период. Менливоста на мандаторите и конкуренцујата на следните избори ја овозможуваат контролата на нивната власт и вклушувањето на јавното мнение во контрола на власта. Во современите држави покрај законодавната, извршната и судската власт во формулирање на темелни политички одлуки, нивно извршување и контрола учествуваат и електоратот и јавното мнение и партиите. Нивното учество и меѓусебна интеракција е во согласност со уставот и секој од нив е подлежен на контрола од други органи што овозможува ограничување и контрола на власта. За доследноста во испочитувањето на сите одредби во овој комлициран систем на поделба и контрола

на власта треба да се грижи независното судство.

**Правна држава**

Сета државна власт во една демократија е врзана за право и закон. Дури и суверенитетот на народот своите граници ги има во основните права. Ако се оцени дека меѓусебните односи на составните основни агенси на политичкиот режим - личноста и државата - се поставени на основата на нераскинливите меѓусебни врски и , историремено, се уважуваат главните начела така што секој од овие два субјекта дејсвува во политиката како два различни и меѓусебно поврзани и условени пола, тогаш е јасно дека станува збор за демократски политички режим. Во неговите рамки е обезбедено соодветна независност на двете сили. Човекот , личноста има солиден фонд средства за влијание врз државата , на пример , учество на избори, критика, самоуправа, прифаќање на законите и други кои , воопшто не ги сретнуваме во недемократските политички режими. Државата тука се потпира на активната подршка на граѓаните користејќи ги сите нивни предлози, забелешки, иницијативи за да обезбеди што поуспешен развиток и дејствување на институциите на системот. Сосема спротивен случај имаме кај недемократските политички режими. Тука не постои никаков однос мегу човекот како поединец и државата. Поединецот едноставно се грижи да ја обезбеди личната егзистенција; тој е оддалечен и спротивставен





на социјалниот живот кој, во целост е управуван со акти на механизмот на државната власт. Таквиот политичи режим постои и функционира без човекот кој е ставен во државата. Таквата навидум силна држава се покажува во практиката сосема неспособна да влијае врз решавањето на стварните животни отворени прашања. Дури и повеќе, таа е фактор што придонесува за задушување и умртвување на општествената стварност. Заемниот однос меѓу човекот и државата се смета за непотребен и непожелен. Демократскиот политички режим е организација на легална и врз закон потпрена власт која постојано е под контрола на општеството. Таа функционира врз основа на познати и од општеството прифатени начела, има јасни цели и е способна да го помага остварувањето на заедничките и основните човекови интереси.

Демократијата спаѓа во редот на оние големи политичко правни етичко филозовски и социолошки појави кои одсекогаш го привлекувале вниманието на научници од речиси сите општествено хуманитарни области. Секој од нив низ своја призма ја анализира и ја објаснува демократијата. Затоа и не е случајно што во утврдувањето на поимот демократија речиси редовно има настојувања на една или друга суштинска содржина или на некоја особеност што земено во целина го усложува нејзиното значење. Од друга страна, поради големото политичко значење и филозофски идеолошката природа на оваа појава, демократијата и отсекогаш претставувала поле на разни противречности и недоразбирања.

Етимолошки поимот демократија потекнува од сложенката на старогрчките зброви demos cratein" на род и владее" . Во практиката со оглед на тоа што ни досега ни во иднина не може да се слу чи целиот народ да владее тоа владеење се изедначува со власта на мнозинството. Демоктатијата како критериум за разликување на облиците на политичкиот режим, го зема за предвид учеството на народот во извршувањето на државната власт. Според тоа ако се рече дека демократски политички режим е оној каде што целиот народ учествува во извршувањето на државната власт тогаш доаѓаме до своевидна противречност да го одрекуваме постоењето на државата колку и да е таа демократски организирана. Имено, ако целиот народ владее тогаш државата не ни е потребна бидејќи нема над кого да се извршува јавната власт. Денес за демократијата повеќе се зборува како претставнички облик за владеење како начело на организација. Изворното сфаќање на демократијата како власт на народот односно мнозинството на народот речиси е напуштено. Во современите општества широко распространети и со многумилионско население господари претставничката демократија така што и самиот поим демократија се сведува речиси на можноста на народот посредно или непосредно според однапред правно утврдена постапка да ги избира и да ги отповикува највисоките претставнички и политичко/ извршни органи на власта. Во моделот на современата претставничка демократија поимот демократија се користи како синоним за одговорна и менлива влада која на власт доаѓа по пат на слободни и повеќепартиски





избори. Слободните избори пак подразбираат низа од политички слободи и права на граѓанинот без кои не може да се замисли современиот политички живот. Од своја страна пак слободното обликување на политичкото мислење безусловно бара слобода на свеста, на вероисповеста, на научно, уметничко и секаков друг вид на творештво, на образование, на збор и јавно искажување на сопственото мислење, на критика на државните органи, како и на други права и слободи без кои не може да се омисли и да се обликува слободното политичко мислење на граѓанинот, основниот предуслов за неговото здраворазумно пристапување кон една или друга политичка опција, со цел, заедно со другите истомисленици да остварува определени политички цели. Демократијата и правната држава формираат неделливо единство. Под правна држава се подразбираат сите оние принципи и начини на однесување што ја гарантираат слободата на поединецот и неговото учество во политичкиот живот. Примарна смисла на постоењето на правната држава треба да е зачувување и обезбедување на тоа право. Правната држава за доброто на демократијата пропишува мноштво постапки и можности за контрола, кои на јавните инстанци им даваат мерка и форма . Таа ја врзува политиката за закон и право, ја подложува сета државна власт на судска контрола и со тоа ја обезбедува слободата на граѓаните.

**Локалната самоуправа - како тип на заедница**

Локалната самоуправа е облик на локална заедница со долга историја . Таа се јавува уште во средновековните градови и комуни за самоуправа и слобода во комуната. Како политичка институција од модерен тип, локалната самоуправа се воспоставува во екот на буржоаските - демократски револуции во XVIII и XIX век. Локалната самоуправа е тесно поврзана со основите на уставното уредување и политичкиот систем. Таа е во постојан развој и во согласност со општествените движења и промена на современоста. Затоа таа доживува постојани промени и денес претставува стремеж и барање на граѓаните да управуваат самостојно со работите на локалната единица (местото, општината, градот, околината, округот и др).

За вистинска локална самоуправа неопходни се условите :

1. Локалната самоуправа треба да е уставна категорија што значи да е со устав загарантирана во политичкиот систем.

2. Граѓаните имаат со устав загарантирано право на локална самоуправа и имаат право непосредно или преку претставнички тела и други органи на локалната самоуправа сами да избираат и одлучуваат за потребите и интересите во дадени области на општествениот живот во локалната единица.

3. Претставничките тела и органи на локалната самоуправа да имаат своја материјална и месна надлежност и да можат да одлучуваат за определени работи на локалната единица.





4. Локалната самоуправа не трпи административно мешање на централните органи на власта во остварувањето на нејзините самостојни функции.

5. Локалната самоуправа е вистинска само ако е демократска.

Локалната самоуправа е поврзана со таканаречениот принцип на дуализмот во организацијата на власта. Тој се огледа во тоа што тој изразува определена спротивност меѓу локалната самоуправа од системот на државната власт која пак има свои подрачни органи во локалната единица . Овие органи можат да вршат и контрола на работата на локалната самоуправа. Дуализмот би се укинал само со економска и политичка централизација во корист на централната власт.

## ФУНКЦИИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Функциите на локалната самоуправа се :

1. Донесување на на програми за развој кои што се од корист за општината и граѓаните .
2. Уредување на градежното земјиште на општината.
3. Изградба и одржување на локалните патиште, улици и друга комуналана инфраструктура.
4. Снабдување со вода и одвод на отпадни води.
5. Одржување на јавната чистота.
6. Грижа за јавното осветлување.
7. Уредување и одржување на паркови и јавни површини.
8. Уредување и обезбедување на градски и приградски превоз.

9. Уредување и користење на пазаришта.
10. Уредување на гробишта и регулација на чистотата на реките и изворите .
11. Донесување на урбанистички планови за поголема привлечност на општината .

**Структура на локалната самоуправа**

Локалната самоуправа се состои од следните органи :

-Совет - е претставнички орган на граѓаните така што претставниците се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Бројот на претставниците е од 11 до 35 со мандат од 4 години. Советот донесува општи акти : статут, програми, планови, одлуки и други акти. Тој има постојани и привремени тела како и претседавач.
-Градоначалникот е индивидуален извршен орган на единиците на локалната самоуправа.

Управни и административни органи и тела на единиците на локалната самоуправа се:

- Управни органи - инспекции , оделенија , отсеци и управни работи.
- Административни - служби , канцеларии и писарници кои ги вршат работите што им се ставени во надлежност со статутот или од советот и градоначалникот .
-Месни заедници / месни самоуправи /





**УЛОГАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО БИРАЊЕ**

Функцијата градоначалник се извршува професионално и е заснована на работен однос во општината . Тоа значи остварување на правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос и неможност да се извршува друга професионална дејност .
Улогите на градоначалникот може да се поделат на два дела и тоа како надлежности на општината и раководење со општинската администрација .

**Градоначалникот**
- ја застапува и претставува општината ;
- врши контрола на законитоста на прописите на советот ;
- објавува прописи во службеното гласило на општината;
- обезбедува извршување на одлуките донесени од страна на советот;
- го обезбедува извршувањето на работите кои со закон и се делегирани на општината;
- дава иницијативи и предлози за донесување на прописи до советот;
- го предлага буџетот и неговата годишна сметка на општината ;
- го извршува буџетот на општината;
- врши избор на директори на јавните служби во општината основани по пат на конкурс;
- го известува советот за извршувањето на своите надлежности кои се во согласност со статутот на

општината ;
- ги решава управните работи за права , обврски и интереси на правни и физички лица .

Улогите при раководење со општинската администрација се:
- дава предлог до советот за донесување на Одлука за организирање на општинската администрација;
- го донесува правилникот за систематизација;
- ја раководи општинската администрација ;
може да одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените ако тоа не е определено со друг закон.

**ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ**

Граѓаните од единицата на локална самоуправа на општи , непосредни и слободни избори со тајно гласање избираат членови на советите на општините , како и градоначалник . Членовите на советите се избираат по пропорционален модел , а градоначалникот според мнозински модел. (член 2 од законот за локални избори ). Право да избира има секој граѓанин на Република Македонија кој има наполнето 18 години и кој има деловна способност и е со постојано живеалиште во општината каде што се вршат изборите. Секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години, има деловна способност, не се наоѓа на издржување на затворска казна за сторено кривично дело и е со постојано живеалиште во општината, има право да биде избран за член на советот на општината





и за градоначалник. ( член 3 од законот за локални избори).
На избирачот му се гарантира слободата и тајноста на гласање и никој не смее да бара од него да каже за кого гласал или зошто не гласал.
Според член 8 од законот за локална самоуправа, редовни избори за членови на советите и за градоначалник се одржуваат секоја четврта година истовремено во сите општини, во недела во третата седмица од месец октомври и нив ги распишува претседателот на Собранието на Република Македонија. За избор на градоначалник најмалку треба да излезат 30% од вкупниот број на гласачи што се на територијата на општината од кои во првиот круг треба да добие ½ + 1 значи од тие 30% излезени гласачи треба да има 50% + 1 освоени гласови за да стане градоначалник. Доколку не е направен избор во првиот круг, се оди во втор круг, во кој остануваат двајца кандидати со најголем број на гласови од првиот круг. Во вториот круг не е важно колку гласачи ќе излезат, победник е оној кој добил повеќе гласови, па дури доколку станува збор само за еден глас.
Според член 34 од законот за локална самоуправа бројот на членовите на советот се утврдува во зависност од бројот на жителите во општината и не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена.

**Финансирање на локалната самоуправа**

Според членот 11 од законот за локална самоуправа :
(1) Во согласност со економската политика на државата,

општината се финансира од сопствени извори на приходи и други извори на финансирање.
(2) Сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон.
(3) Општината, во рамките определени со закон, ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите од ставот (2) на овој член.
(4) Општината се финансира и од донации, од државата и други извори на приходи, во согласност со закон.
(5) Општината има право да се задолжува на домашниот и странскиот пазар на капитал, во согласност со закон.
(6) Општината, во рамките на своите надлежности, самостојно располага со сопствените извори на приходи.
(7) Изворите на приходите на општината треба да обезбедат соодветно извршување на нејзините надлежности утврдени со закон.
(8) Финансирањето на општината се уредува со закон.
- Имотот на единиците на локалната самоуправа го чинат земјиште, објекти и средства во обем што ги финансирале и финансираат граѓаните по пат на самодоприноси или на друг начин учествувале во изградба и други недвижни и подвижни работи, парични средства и права.
- Извори се : даноци , земјишни такси, комунални такси, приходи од сопствен имот, донации / добивки / и сл.
- Приходите и трошоците на единицата на локалнта самоуправа се утврдуваат со буџет кој е едногодишен акт





на единиците на локалната самоуправа и се носи пред почетокот на годината, а на крај се носи завршна сметка.

## Културниот и економскиот живот во локалната заедница

Културата е збир од знаења, верувања, уметност, морал, обичаи и др. човекови придобивки преку кои се изразуваат трајните духовни потреби и однесувања на луѓето кон појавите што ги опкружуваат. Тоа значи творечка надградба на современата реалност со нови остварувања и вредности со кои се унапредуваат човековите права и слободи.
Таа е постојан процес и отворен систем заснован врз: достапност, разновидност, отвореност, одговорност и приспособливост.
Културата може да се остварува како национален, локален и поединечен интерес со профитна или непрофитна цел. Локален интерес во културата е нејзиниот јавен интерес од локално значење за граѓаните во единицата на локалната самоуправа. Обемот и остварувањето на локалниот интерес во културата се утврдува со општинските акти на Л.С., а се финансира согласно Програмата за култура што ја донесува Советот на Л.С. Локалните култрни установи во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ги откриваат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување. Со оглед на тоа што локалните власти имаат сопствени изворни приходи, културниот живот во општините ќе биде побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен. Културата ја остваруваат

самостојни уметници, јавни и правни установи, други правни и физички лица.

Со новата економска политика се создадоа услови установите да се мотивираат во изнаоѓање на дополнителни материјални извори, како што се подароци (донации) домашни или странски, помош, кредити, мотивираност за повеќе сопствени приходи преку давање квалитетни услуги, преку изнајмување простор, приходи од влезници, од членарина, преку развивање културен туризам, преку воведување посебни културни такси итн.

Општите предности како што се: поддршка на културното наследство и на современото творештво, подобрувањето на управување со културата, соработка со НВО и меѓународна соработка се зацртани во генералната национална програма. Во неа се воспоставени одделни предности и тоа: заштита на културното наследство, заштита на духовното творештво; музејска дејност; библиотекарска дејност; кинотеката, музичко, драмско, филмско и ликовно творештво и др.

Културата е тесно поврзана со економскиот развој. Доколку економскиот развој е во подем тогаш свој процут доживува и културата.





**Проблеми на граѓаните кој се решаваат на ниво на локалната самоуправа**

На ниво на локалната самоуправа се решаваат проблеми од различен карактер. Се решаваат проблеми од аспект на социјална и детска заштита, здравствена заштита, имотно правни односи, урбанизмот, културата, спортот, образованието, заштита на животната средина, и др. Сите проблеми граѓаните можат да ги покренуваат и решаваат преку три непосредни облици на учество во одлучувањето на ЕЛС. Тоа се : граѓанска иницијатива, собир на граѓани и референдум.

Граѓанска иницијатива - граѓаните имаат право да му предложат на советот на ЕЛС да донесе определен акт или реши прашање од негова надлежност. Ако го подржат 10% од бирачите советот е должен да расправа.

Собир на граѓаните - се општи собири на граѓаните и можат да бидат за целата ЕЛС или за дел од истата. Го чинат сите граѓани со постојано место на живеење. Го свикува градоначалникот или по барање на 10% од избирачите.

Референдум - најповолен облик на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на локалните проблеми. Тој е инструмент на слободно изразување на мислењето на граѓаните за дадено прашање / тајно / . Референдум се распишува по барање на 20% од избирачите на ЕЛС. Советот е должен да распише референдум. Право имаат сите граѓани кои имаат избирачко право.

## Плурализам

Плурализмот претставува Форма на општествено уредување во која граѓаните слободно се организираат и формираат свои друштва, здруженија и најразлични организации според своите политички, економски, религиозни, етнички и други интереси и се борат за власт и политичко и општествено влијание. Доколку тие интерси се многу значајни и поврзуваат различни инереси за севкупна општествена концепција тогаш нивното остварување е можно само преку политиката и власта. За остварување на овие интереси луѓето со исти или слични цели формираат политички партии.

## Што е партија?

Партија претставува група на граѓани со исти политички ставови, идеи и интереси која се залага за нивно остварување. Политичките партии се творци на политиката во општеството и во нивната работа можат да земат учество и граѓаните кои според своето занимање не се политичари. Целта на секоја партија или коалиции од партии е превземање на власта со извојување на победа на изборите и обезбедување на мнозинсто во парламентот. Без партиите народот воопшто не би можел политички да делува . Плуралистичко општество станува политички способно и може да делува преку партиите. Само преку партии избирачите можат да ја спроведат својата политичка волја во реалноста . Партиите се инструменти со кои народот ги зазема раководните

позиции и ги донесува своите политичко-програмски одлуки . Како такви партиите зедно со здруженијата и медиумите посредуваат меѓу граѓаните и државата.




Партиите заедно со граѓанскиот сектор и медиумите посредуваат помеѓу “народот” и “државата”. Во најголем број случаи тие навлегуваат во државната сфера така што членовите на партиите се наоѓаат на политичките функции во државата. Највисок орган на политичките партии е конгресот или партиското собрание кое најчесто заседава на неколку години за да ги избере останатите органи на партијата или да направи измени во основните документи на партијата: Нацрт-програмата и статутот. Нацрт-програма ги формулира носечките политички темелни вредности и долгорочните цели на партијата.Статутот е правен документ кој ги регулира овластувањата и односите на органите на партијата. Меѓу два конграса односно две собирања на партиската скупштина со партијата раководи потесното раководство кое го сочинува т.н централен





одбор или комитет на партијата. Секоја партија има претседател и еден или два потпреседатели кои заедни го сочинуваат претседателството на партијата.

**Видови партии**

Политичките партии покрај тоа што имаат доста заедничко, тие меѓусебно се разликуваат. Има повеќе критериуми според кои може да се направи поделба на политичките партии. Според бројот на членството во партијата и организираноста партиите се делат на кадровски и масовни партии.
Кадровските партии се малубројни според членството и во нив најчесто преовладуваат професионални политичари кои се кандидираат на изборите. Овие партии повеќе се ангажираат во продобивањето на бирачите отколку во зголемувањето на своето членство. На политичката сцена нивните активности доаѓаат до израз за време на предизборните кампањи. нивните цели најчесто се конкретни и краткорочни без претензии за коренити промени во општеството. Во кадровските партии голема е автономноста на нејзините членови.
Масовните партии имаат голем број на членство кое е централно раководено, имаат развиена партиска идеологија и нивните цели се промена на општеството.

Друга често употребувана поделба на партиите е на: леви, централни и десни. Оваа поделба претставува наследство од минатото кога левите партии повеќе ги

застапувале интересите на работниците, десните ги застапувале интересите на капителот и сопствениците, а централните т.е. средишните ги застапувале интересите на средните класи и социјалните слоеви.

Според начинот на делување, партиите се делат на екстремни и умерени партии. Екстремните партии, кои можат да бидат и леви и десни се залагаат за револуционерни и недемократски решенија и власт, додека умерените ги почитуваат институциите на демократското општество и нивните решенија се прифатливи за поголем број граѓани.

**Партиски системи**

Да се говори за партиите (лат.: pars = дел) има смисла само ако тие се активни во рамките на еден систем. Ако некоја партија притоа го монополизира формирањето на политичката волја, тогаш не постои никаква конкуренција. Затоа еден еднопартиски систем, во принцип е контрадикторен со себе. Вообичаено науката прави разлика меѓу двопартиски и повеќепартиски систем. Еден двопартиски систем не значи дека постојат само две партии; со тоа се мисли дека другите партии не играат никаква или речиси никаква улога во формирањето на влада и работењето на опозицијата. Дали во една држава ќе се искристализира двопартиски или повеќепартиски систем, зависи од традицијата, социо-културните, институционалните, социо-економските и религиозните





зададености. Така, една во основа помалку хомогена социјална структура и пропорционално изборно право претпочитаат повеќепартиски или многупартиски систем. Во повеќепартиските системи многу често на власт се различни сојузи на повеќе партии односно коалиции.За овие системи е важно дека владеачката партија или коалиција има мнозинство гласови во парламентот и може да формира своја влада.Партијата или сојузот од партии кои добиле помалку гласови во парламентот ја чинат опозицијата каја ја критикува владата, ја контролира и бара од неа одговорност, но неможе да ја смени. Еден двопартиски систем може да се смета за „конкурентен систем‟, а многупартискиот систем наспроти ова, за „конкордантен систем‟. Во еден „конкурентен систем‟ (како во Велика Британија) доминира „правилото на мнозинството‟, во еден „конкордантен систем‟ (како во Швајцарија) при донесувањето на одлука предвид се земаат мноштво на интереси, тоа значи дека малцинството не се мајоризира (тоа е така зашто во коалициите кои се можни само во овој систем , влегуваат и партиите кои освоиле помал број гласови на изборите - малцинските партии , а со тоа се зема предвид , повторно во одредена мера , и нивната воља).

## Изборни кампањи

Демократијата започнува со фер и демократски избори . Право да гласа има секој државјанин со наполнети 18 години . За да некој поединец / поединка или партија може да биде гласан / гласана потребно е да се кандидира , односно да ја изрази јавно својата намера да се вклучи во изборната трка , но и да ги исполнува условите за избор утврдени со уставот . Секој кандидат има свое право да организира своја изборна кампања . Изборна кампања претставува програма која ја претставуваат кандидатите со цел привлекување на внимание и придобивање на гласовите на граѓаните . Тоа е програмата која планираат да ја остварат за време на нивниот мандат , но која за жал во поголем број случаи не се исполнува . За време на кампањата сите кандидати имаат еднакви права и можат под исти услови да ги употребуваат сите форми на политичка пропаганда и информирање . Изборната кампања започнува 14 дена пред изборите , а завршува 24 часа пред денот на изборите кои што се нарекуваат предизборен молк. Најчесто зад секој кандидат стои политичка партија , која се грижи околу организирање на кампањата . За време на кампањата се одржуваат митинзи на кои кандидатите јавно ги искажуваат своите цели и намери и јавно ги напаѓаат кандидатите од другите партии , укажуваат на нивните грешки итн . Исто така кандидатите за време на изборната кампања даваат изјави по медиумите, делат летоци, прават дебати итн.





## Дефинирање на терминот “Граѓански сектор”

Дефинирањето на терминот “ граѓански сектор ” (civil society)[1] е предмет на многу дискусии и дебати и резултира со постоење на многу различни дефиниции во литературата. Пред да разгледаме дел од овие дефиниции ќе се задржиме на неколку интересни аспекти за значењето на овој термин. Традиционалното значење на терминот “ граѓански сектор ” е поврзан со слободното изразување на мислите и за многу луѓе кои припаѓаат на овој сектор има значење на подобра иднина. Од практична гледна точка овој термин може да се поврзе со развој на нови патишта и средства (инструменти) за подобрување на општеството, а особено за развој на демократијата земајќи во обзир дека демократијата не претставува еднаш постигната задача, туку една перманентна задача.

[1] Буквалниот превод од англиски на терминот “ civil society ”, граѓанско општество, не е соодветен на значењето кое овој термин го има во учебниците за граѓанско образование кои се ползуваат на територијата на Република Македонија.

Извадоци од дискусии, изјави и дефиниции за граѓанскиот сектор:

Терминот граѓански сектор се однесува на волонтерски здруженија и неформални здружувања во кои индивидуите и групите превземаат активности од општо значење. Нивното делување е одвоено од активностите на власта затоа што е волонтерско, и од приватните активности на пазарот/економијата бидејќи тие се заложуваат за општо добро. Често се среќава под терминот " трет сектор " . Во демократските општества , граѓанскиот сектор посредува помеѓу граѓаните и државата обидувајќи се да ги обедини општите интереси со интересите на граѓанинот. Граѓанскиот сектор може да се разгледува како коректор во демократското општество. Конкретно тој е коректор на оние кои ја гледаат власта и формалните политичари како олицетворение на доброто на граѓанинот и општото добро. ( Carmen Sirianni and Lewis Friedland editor-in-chief and research director of the Civic Practices Network)
Граѓанскиот сектор ја претставува онаа арена каде самоорганизирани групи, движења и индивидуи, релативно независно од државата се обидуваат да ги артикулираат вредностите, да создадат здруженија и да се заложат за остварување на нивните интереси. Во граѓанскиот сектор може да се вклучат разните видови на општествени движења (движењата на жените, месните заедници, религиозните групи, интелектуалните организации) и граѓанските асоцијации од сите општествени слоеви (како што се синдикатите, претприемничките групи, новинарите,





адвокатите). (Juan J. Linz & A. Stepan in "Problems of Democratic Transition and Consolidation", 1996)

Воопштено терминот " граѓански сектор " ги опфаќа сите невладини организации како и граѓаните. Во општеството мажат да се издвојат три доминантни актери чии активности меѓусебно се испреплетуваат: државните институции, приватниот сектор (економијата) и граѓанскиот сектор т.е. граѓанските здруженија. Овие здруженија кои почесто се среќаваат под името невладини организации (НВО), како и сите други непрофитни организации ги претставуваат интересите на граѓаните, на пр. здружанијата на потрошувачите, работничките синдикати, движењата за човековите права, невладините медиуми и организациите за заштита на животната средина.(сајт на West European development agency, 2004)
Граѓанскиот сектор претставува севкупност од сите здруженија (НВО) и индивидуи во земјата, кои покажуваат загриженост/интерес за општествените и политичките збиднувања во земјата, кои не припаѓаат на одредена партија, ниту се дел од власта и нивна задача е да ги набљудуваат активностите на власта и последиците од тие активности и да се спротивстават, по можност на мирен начин на секое неисполнување на законите и злоупотреба на власта.(сајт на AREDA)

Граѓанскиот сектор е сфера на институции, организации и индивидуи лоцирани меѓу семејството, државата и пазарот, во кои луѓето

се здружуваат волонтерски за да ги исполнат заедничките интереси.(Centre for Civil Society - CCS)

**Здруженија на граѓани/Невладини организации**

*Невладините организации се срцето на граѓанскиот сектор*

*" Никогаш не сомневајте се дека една мала група на ентузијасти може да предизвика разлика во светот . Всушност , тоа е единственото нешто што секогаш предизвикува промени "*

*( Margaret Mead )*

Граѓанскиот сектор во својата најширока дефиниција претставува еден од трите ( мошне флуидни и преклопувачки ) општествени сектори , заедно со државата и пазарот, и преставува " владеење на граѓаните надвор од изборите ".
Оваа концепција е заснована врз европско / северноамериканско искуство и е промовирана од агенциите на овие земји .

**Каков вид организација / здружение е НВО ?**

НВО е невладина, непартиска и непрофитабилна





организација, која мора да биде регистрирана според законска регулатива. Преку нив се води јавна политика, се штити и спроведува јавен интерес , а не да ја играат улогата само на сервис служби, и секоја треба да дејствува во соодветната област и согласно програмата за работа.
Невладини организации е термин кој често се употребува во западната терминологија и ги определува сите форми на здружувања на граѓаните кои настанале поради остварување на одредени ( заеднички ) цели и интереси.
Тоа заначи дека поимот НВО опфаќа една широка лепеза граѓански форми на организирање , кои настанале надвор од решенијата и одлуките на власта ( министерства , локална самоуправа , владини установи итн).
Погоре изложената дефиниција содржи широк круг на здруженија на граѓани, асоцијации, друштва, организации , клубови и други форми на организирање кои според карактерот, целите на дејствување и улогата можат да се класифицираат на следните основни групи чинители на третиот сектор :

- Невладини организации во класична смисла
- Верски заедници (цркви и други верски заедници)
- Синдикати
- Професионални здруженија (пр . Лекарска комора)
- Медиуми (иако се профитни организации односно се дел од пазарот , претставуваат клучен фактор во формирањето на јавното мнение и подигањето на свеста кај граѓаните).

Попрецизно фокусирање на секторот на невладиното организирање се ограничува на организациите кои се чинители на граѓанското општество . Во оваа рамка спаѓаат т. н. класични невладини (и непрофитни) организации чии цели се од поширок (понекогаш и општ односно јавен) интерес.

**Како да станете здружение на граѓани / НВО ?**

Секоја група граѓани прво треба да се регистрира за да функционира легално . Доброто раководење на едно здружение на граѓани треба да биде во согласност со законите што се однесуваат на здруженија на граѓани и фондации.
Во врска со статусот на здруженија на граѓани , во законот за регистрирање на здруженија стои:

Член 17
Здружение на граѓани можат да основаат нејмалку петмина полнолетни граѓани , државјани на Република Македонија

Член 18
Здружението на граѓани се основа на собрание на основачите на кое се донесува акт за основање, програма , статут и се избираат неговите органи.

Член 19
Актот за основање на здружението на граѓани содржи:





име, седиште и адреса на здружението на граѓани;
имиња, адреси и единствен матичен број на основачите;
цели и задачи;
име на овластеното лице кое ќе го претставува и застапува во правниот промет и кон трети лица во јавноста.
Здружението на граѓани се основа на конститутивна седница на собранието на основачите на кое се донесуваат следните конститутивни документи :
акт за основање , програма за работа на здружението, статут и се избираат органи на здружението .
Актот за основање како основен конститутивен акт на здруженија на граѓани мора да содржи основни информации преку кои здружението ќе биде препознатливо .
Потребно е да се утврди име, седиште и адреса на здружението.
Програмата за работа е документ со кој се утврдуваат тековните активности преку кои ќе се остваруваат дефинираните цели . Неа ја составува раководството на здружението и е во функција да ја операционализира програмата за работа се додека не се појави потреба од нејзино ревидирање.
Пообемен документ кој треба да се подготви е и статут на здружението . Тоа се оперативни правила според кои ќе функционира здружението .
Статутот треба да биде одобрен од органите на здружението на оновачкото собрание.
Пред регистрацијата потребно е и да се изберат органи на здружението. Тоа се собрание и

извршен одбор. Собранието е највисок орган на управување. Извршниот одбор од своите редови избира претседател на здружението, кој за своето работење е одговорен пред собранието.

Како овластено лице кое ќе го претставува здружението се определува претседателот на здружението, кој покрај застапувањето и претставувањето треба во суд да изврши регистрација на здружението. Ова свое овластување претседателот може да го пренесе на некој од другите основачи, на некој член од собранието или на член од извршниот одбор.







Што по регистрацијата на здружение?
• Креирајте стратешки план. Процесот на стратешко планирање помага во согледувањето на потенцијалот на здружението. Стратешкиот план содржи неопходни чекори за постигнување на мисијата и на целите. Утврдете програма и приоритетни активности барем за една година однапред.
• Креирајте буџет и план за користење ресурси. Раководењето со финансиите и користењето на ресурсите е главна одговорност на раководните органи на здружението . Ресурсите потребни за спроведување на стратешкиот план мора да бидат опишани во буџетот и во финансискиот план.
• План за прибирање на финансиски средства. Извршниот одбор треба да направи план за прибирање финансиски средства врз основа на кои ќе се покриваат трошоците за тековните активности. Пример, прибирање средства од индивидуалци, претпријатија, членарина , владини институции, фондации и слично.
• Формирање систем за архивирање на сите документи на здружението. Ова подразбира чување и архивирање на финансиската документација, записници од состаноци, пристигната и испратена пошта, документација за членовите, разни одлуки, акти, документи од спроведени проектни активности и друго.
•Востановете сметководен систем. Ова подразбира имање сметководител кој ќе се грижи за уредно финансиско и сметководствено работење, вклучително и завршната годишна финансиска пресметка.
•Членување во здружението. Здружението треба да донесе одлуки со кои ќе се регулира членувањето.





Пример , кој може да биде член ( полнолетни граѓани на Република Македонија , или малолетни лица со дозвола од родителите ), начин на плаќање на членарината и слично
• Јавност во работата. Здружението треба да има план за односи со јавноста, кој подразбира стратегија како да се допре до граѓаните, до другите здруженија, а со цел да се подигне нивната свест и знаење за прашања со кои се занимава здружението.
• Оценување на работата. Здружението треба да креира план за самооценување врз основа на кој ќе ги увиди успесите и слабостите на минатиот период на работење. Еден ваков систем на самооценување ќе помогне во развивањето стратегија за натамошно дејствување.

Две предности од регистрација на здружението

Правен статус. Ова подразбира дека здружението на граѓани е посебен правен субјект, со права и должности да склучува договори, да отвори жиро - сметка , да соработува со други институции, да ангажира луѓе за реализација на својата програма и слично.
Можност за добивање средства. Повеќето јавни и приватни донатори претпочитаат да доделуваат средства на регистрирани здруженија. Повеќето странски донатори се обврзани од нивните внатрешни регулативи или закони да префрлаат средства само на здруженија што се правни субјекти .

**Поделба на НВО во Македонија**
(според целните групи и целните подрачја) Основните (идентификувани) видови на НВО кои се активни во Република Македонија се следните:

| Сектор | Кратенка | Број на евидентирани организации ** |
|---|---|---|
| Жени | Ж | 47 |
| Екологија | Е | 45 |
| Студенти и младина | СМ | 33 |
| Хуманитарни и развојни | ХУ | 16 |
| Хендикепирани | ХЕ | 5 |
| Деца | Д | 3 |
| Здраство | З | 2 |
| Човекови права и граѓански иницијативи | ЧП | 13 |
| Стари лица | СЛ | 1 |
| Вкупно евидентирани | | 165 |

** Користени се податоци од четвртото издание на адресарот на НВО во Македонија издадено од МЦМС во мај 1997 год . дополнителното издание на овој адресар содржи вкупно 224 НВОи (214 македонски и 30 странски НВО во Македонија ). Сепак и ова издание не ги вклучува сите регистрирани НВО кои припаѓаат на гореспоменатите сектори, туку само за кои МЦМС има воспоставено контакти и има основни податоци.
Основните групи на НВО понатаму се делат според критериумите: целно подрачје и целна група.





- Прва група

Првата група се организации чиј фокус е насочен кон одредено прашање или проблем ( пр . животна средина , граѓанските и човечките права и тн .). Според овој критериум во оваа група спаѓаат :
Организација за заштита и унапредување на животната средина
Се работи за НВО сектор составен од организации (регистрирани како еколошки друштва, здруженија, асоцијации итн.) чии цели и задачи се поврзани со заштита и унапредување на животната средина преку развивање на еколошката свест.
Еколошкиот сектор е составен од организации кои настанале во “првиот бран” на формирање на невладини организации во Македонија. До 1989 (кога беа формирани првите еколошки друштва) постоеше многу мал број на организации чии цели и задачи (непосредно или посредно) беа поврзани со екологијата . Карактристика на овој сектор е постојано зголемување на бројот на ново формирани еколошки друштва . Голем дел од локалните еколошки друштва во Македонија се колективни членки на Движењето на екологистите на Македонија, која е единствена “чадорска ” организација во овој сектор.

Организации за човекови права и граѓански иницијативи

Овој сектор започна да се формира во 1991 година и е составен од ораганизации кој се грижат за заштита

и унапредување на човековите и граѓанските права и учество на граѓаните во процесите на одлучување со цел остварување и развивање на системот на законитост, толеранција и мир и практикување на еднакви можности на сите граѓани.
Во оваа група припаѓа групата на мировни иницијативи формирани за време на војната во поранешна Југославија и група локални граѓански организации формирани во последниве две - три години.

Хуманитарни и развојни организации

Хуманитарните и развојни организации се група составена од НВО кои ги насочуваат своите активности кон хуманитарна (базична) помош. Во оваа група спаѓаат традиционалните хуманитарни ораганизации (и Црвен крст на Македонија), како и хуманитарните организации формирани од црковните и верските заедници.
Развојните организации предимствено се занимаваат со проблематика на одржлив развој на човековите и материјалните ресурси во Македонија.
Зголемувањето на регистрирани НВО од овој сектор настанува во 1992 1993 со зголемување на економската криза.

Организации за здравствена едукација

Ова е најмалиот НВО сектор составен од неколку (воглавном локални) НВО, кои се занимаваат исклучително со здравствена едукација и превенција.





Здравствената едукација и превенција која ја спроведуваат овие организации воглавном е насочна против болестирте на зависност ( наркоманија , никотинизам), заразни болести (СИДА), неизлечиви болести итн.

- Втора група

Втората група се ораганизации чиј гокус е насочен кон одредена целна група ( нпр. жени, деца, стари лица , хендикепирани, младина, итн.). Во ваа група спаѓаат:

Женски НВО

Женскиот сектор е најголем невладин сектор во Република Македонија. Овој сектор се сести од локални НВО организирани во една од трите"чадорски" организации: Сојуз на организации на жени на Македонија (СОЖМ), Сојуз на албанската жена во Македонија (САЖМ), или организација на жени во Македонија (ОЖМ). Овие организации се залагаат за заштита на правата на жената, полова еднаквост и давање еднакви можности за жената во општеството.

Организации на хендикепирани лица

Секторот е составен воглавном од организациите на хендикепираните лица кои постоеа и пред 90 тите години, а се здружени во социјално - хуманитарни организации. Сојузот е формиран од сојуз на слепи, Сојуз на ментално ретардирани лица, итн.

Сојузот делумно е финансиран од државни извори.

Ораганизации за заштита на правата на децата

Се работи за нов и сеуште недоволно броен НВО сектор составен од рганизации за заштита на правата на децата (сексуална злоупотреба на децата , злоупотреба на децата за политички цели , насилство врз децата, итн.).

Студентски и младински организации

Овој сектор е едне од постарите невладини сектори. Се состои од локалните и регионалните младинските сојузи ( организации ) и од поголемите организации кои членуваат во Младинскиот совет на Македонија кој пак претставува чадор организација на 13 полноправни и неколку придржани членки, како и студентски организации кои функционираат во рамките на секој факултет на Универзитетите во Скопје и Битола. Студентските организации го формираат ССУКМ ( Сојуз на студенти на Универзитетот " Св. Кирил и Методи "), додека студентското оранизирање на Универзитетот " Св. Климент Охридски " во битола го формираат ССУКО. Овие организации ги застапуваат интересите на младите (односно студентите) и се залагаат за решавање на проблемите на овие целни групи.

**Граѓанско општество**

Граѓанското општество опфаќа јавни процеси на сите





нивоа , каде што политиката , законодавството и регулативата се добро формулирани , имлементирани и ревидирани .

Учеството во овие процеси е отворено и репрезентативно и воедно се бара одговорноста која се достига низ овие процеси .

Во јавните процеси сите учесници прифаќаат дебати , несогласубања . компромиси и преговарања , што се суштинската потреба за функционирање на граѓанското оп ш теството . Затоа , застапувањето е дозволено , очекувана и посакувана активност за да им се отвори простор на оние кои сакаат да ги модифицираат односите на моќта внатре во општеството со цел таа да функционира слободно .

Неопходна задача за граќанското општество е да ги заштити граѓаните во размената на своите гледишта , да помогне во непостоење став " закони од оние кои се на власт", да ги поттикнуваат луѓето без став и јавно да ги организираат своите размислувања, и др.

Застапувањето содржи организирани напори и акции кои ги користат инструментите на демократијата за да ги воспостават и имлементираат законите и политиката , со цел да се создаде праведно и еднакво општество . Споменатите инструменти вклучуваат избори , мобилизација на масите , лобирање , гра ѓ анската непослушност , п реговори , договарање , судски активности .

Доколку граѓаните учествуваат во организираните акции кои ги вклучуваат и НВО-ите, медиумите, јавните тела кои донесуваат одлуки, тогаш секако дека се зајакнуваат демократските процеси.

Што е демократски процес ?

Демократски процеси се процеси на донесување одлуки, кои се:

1. ОТВОРЕНИ - сите заинтересирани и директно засегнати групи и партии имаат пристап во процесот;

2. ФЕР - БЕЗ ДИСКРИМИНАЦИЈА - сите имаате подеднаков пристап во процесот;

3. ТРАНСПАРЕНТНИ - процесот е чист, лесно разбирлив, може да се види низ него, " без тајни ";

4. ПАРТИЦИПАТОРЕН - сите или повеќето од преставниците се целосно вклучени во процесот.

**Улогата на НВО -ите во јакнење на демократијата**

НВО -ите дејствуваат за подобрување на квалитетот на животот во нивните заедници и промена на животот на нивните сограѓани.

Така граѓаните преку НВО станувaат целосни учесници





во поставувањето на приоритетите во нивните заедници и лисери кои генерираат нови визии и идеи.
Се стимулираат пошироки јавни работи и се почитува интегритетот на оние кои во овие проблематични времиња сакаат да направат промени и да останат цврсто посветени кон идеите во кои веруваат.
НВО во својата организациона поставеност и начин на дејствување ги јакне сите демократски принципи на соработка, одговорност, толерантност, размена на искуства, процена и друго. Со подобруивање на организациските процеси во нив , се тренира донесување на стратегија, стил на управување, организациска култура, користење на моќта на поврзување на целиот расположив потенцијал во борбата против неуспех.

**НВО КАКО МОДЕЛ**

НВО можат да обезбедат здрави модели за добар демократски процес, создавајќи можности нивните внатрешни процеси на донесување одлуки да бидат отворени фер транспарентни и партиципаторски.

НВО КАКО ПРОМОТЕР / ЗАШТИТНИК

НВО можат да промовираат демоктратски процеси преку (и со) други организации, пример локални државни организации, преку мониторинг на активностите на тие организации, заштитувајќи ги Уставните и легалните права на граѓаните со самото учество во тие активности.

## НВО КАКО УЧЕСНИК

НВО може директно да учествува во демократските процеси како би се осигурала дека навистина е слушнат гласот на граѓаните. Всушност, НВО и можат да се вклучат во јавното политичко застапување, односно во јавната политика. Јавната политика е секој закон, регулативе, правило, план или политичка пракса запишана или незапишана, кое влијае и го управува однесувањето на луѓето, кое пак од своја страна влијае врз економскиот, социјалниот или животниот аспект на јавниот живот.

## ЈАВНО УЧЕСТВО

“Граѓаните непосредно учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, преку граѓанска иницијатива, собири и референдуми” ...
- член 20, Законот за локална самоуправа на Република Македонија
Многу локални прашања во Македонија се сметаат и третираат како нерешени проблеми, а не како проблеми кои треба да се решат. Граѓаните сеуште немаат јасна претстава кои локални прашања локалната самоуправа може или не може да ги реши.
Се чини дека прв чекор кон решавањето на овој проблем е разговорот окулу улогата на локалната управа; за тоа да се направи локалната управа мора да создаде комуникациски канали со граѓаните и НВО, за сите да го сфатат функционирањето на новиот csстем. За Владата повторно да ја воспостави својата власт преку одговорно управување, мора да





учествува и постојано да контактира со јавноста, медиумите, НВО,разните изборни единици, преку заедницата. Всушност, јавното учество е основа на локалната самоуправа. Без комуникација и без институционализирање на јавното учество во процесот на уравување, ниту управата,ниту владините организации ќе бидат во можност да ги постигнат своите цели или да ја креираат заедницата вокоја живееме. Јавното учество е јавен дијалог кој ги одржува луѓето ангажирани во јавниот живот и активни во заедницата.
Институциите во општеството (медии, НВО, групите во заедницата, општествените и професионални асоцијации), ја олеснуваат јавната конверзација. Јавното учество е исто така комуникација. Но,таа комуникација многу често е едносмерна т.е. вклучува просто пренесување на информации, додека ефективната комуникација е вклучување на најмалку две страни во разговор, интеракција, дијалог, при што се формираат мислења,се наоѓаат компромиси и сл.

## Улогата на НВО во јавното учество

Демократијата не е само гласање. Граѓаните имаат право да учествуваат во нивното управување. Тие многу повеќе би придонеле и би им помогнале на својата локална самоуправа доколку активно се вклучени во процесот на донесување на одлуки. Многу поредовно би ги плачале даноците кога би знаеле каде одат нивните пари. Покрај многубројните начини на исполнувања на граѓанските обврски (покрај гласањето), еден од

честите начини е учеството во колективните дејности и активности на НВО.Невладините организации преставуваат важен глас при разгледувањето на јавната политика. Тие обезбедуваат колективен глас и се фокусирани на конкретни прашања. Многу често, НВОи се главно сретство преку кое граѓаните комуницираат со власта, локалнта самоуправа и настојуваат да основаат здружена јавна политика. Управувачката политика на многу земји во светот беше основана преку настојувања на НВО заедно со локалната самоуправа и државата да спроведуваат одредени реформи.

Постојат четири можности за инволвирање на НВО во јавниот процес:
1. Развивање / ревизија
2. Усвојување
3. Имплементација
4. Мониторинг и проценка

## Успешна програма за јавни односи

Дефиниција

Успешна програма за јавни односи е раководење со активностите кои креираат и одржуваат двонасочна комуникација меѓу организациите и јавноста, клиентите, меѓу раководителите на организациите и вработените.





Карактеристики

Покрај могубројните карактеристики на успешната програмазајавниодноси,генерално,следатнајважните:

• користење на разни комуникациони техники за креирање и подобрување на идендитетот на организацијата во локалната заедница или јавноста, клиентите, бирачите и сл.;

• утврдување и одговор за потребите и барањата на јавноста, клиентите и сл.;

• следење на јавното мнение и однесување кое е важно за организацијата и доклку е потребно, да се искористи таа информација за промена во сервисот (помошта), за заедничка бенефиција и на јавноста и на организацијата;

• предвидување на промените во јавното мненеие и однесување и управување на тоа како тие промени ќе влијаат врз организаијта;

• измени во јавното мнение и однесување.

Бенефиции

Добра програма за јавни односи има многу предности и бенефиции за организацијата:
• поголемо препознавање на името на организацијата;
• зголемување на идентитетот;

- поголем респект;
- поголем кредибилитет;
- одобрување од страна на заедницата;
- задоволни граѓани и клиенти;
- подобрување на долгорочната способност.

Како да се направи успешна програма ?

а ) дефинирање на целите
Пред Пред да се изгради планот, мора прво да се земе што да постигнеме: пр. да ја зголемиме свеста на заедницата за нашата организација или подобрување на нејзината репутација. Откако сме одределе што сакаме да постигнеме, треба да ги дефинираме специфичните цели кои сакаме да ги постигнеме во нашиот план за јавни односи, што секако е потесно фокусирана цел од претходната. Пр. цел може да биде решавање на одреден проблем во заедницата, да се собере одобрување за нова идеа или сервис и сл.
Целите треба да бидат достижни, етичкии така дизанирани да можеме даго достигнеме она што сакаме да го постигнеме.

б ) идентификација на целна група
Кој треба да ја прими нашата порака? Дали постарите граѓани, студентите, сопствениците на јавни претпријатија, преставниците на владата или др? Можеме да имаме една или повеќе целни групи. Но, доклку станува збор за повеќе целни групи, мораме да ја одредиме приоритетната.





Важно е да не заборавиме што со нашиот план за јавни односи сакаме да постигнеме, пред да отпочне комуникацијата со нив.

в ) проценка на потребите
Треба да ги одредиме ставовите на целната група кон нашите цели и задачи. Доклку нашиот план треба да ја зголеми свесноста на јавноста за нашата организација преку промовирање нов сервис или услуга, ќе треба да дознаеме за постоечкото мнение за нашето здружение и потенцијалната реакција за новиот сервис . Можеме да користиме прашалници, статистички податоци или било кој друг метод за истражување кој ќе ни помогне да ги добиеме потребните информации.

г ) дефинирање на стратегијата
Треба многу да се обрне внимание на дефинирање на стратегијата или генералниот концепт кој ќе го употребуваме за постигнување за нашите цели. Пр . ако нашето здружение демонстрира дотогаш не позната услуга или сервис, нашата стратегија треба да биде така креирана, за да можеме да демонстрираме на целната група, зошто е потреба од него и зошто треба да ја добие помошта токму од нашето здружение. Стратегијата може да биде различна, но соодветна на целната група.

д ) дефинирање на техниките
Користејќи ја стратегијата како водич, треба да ги дефинираме специфичните техники и тактики кои ќе ги користиме. Треба да утврдиме како најдобро

можеме да ја пренесеме нашата порака до целната група. Треба да ги избереме оние техники кои ќе бидат најефективни во постигнувањето на нашата цел, комуникација со целната група, соодветно на нивните потреби и ставови.
Можните опции вклучуваат давање вести прку медиумите, прес конференции, интервјуа видео материјали, брошури, реклами, летоци, јавни говори, весници.
Треба да направиме календар на времето и распоред на употребуваната техника.

г ) примање повратна инфомација - еваулација
Не треба да заборавиме дека успешната програма за јавно односи вклучува двонасочна комуникација. Повторно треба да користиме прашалници, анкети, или друго срество, како би го следеле мнението на целната група. Зашто нашиот план е успешен или зашто не е? Дали ги исполнуваме наШите цели? Ккао и зошто ставовите се сменети? Овие одговори и информации ќе ни помогнат во креирањето на идните програми и планови за односи со јавноста.

е ) прилагодување и подобрување
Треба да ги користиме информациите од еваулацијата као предност и да ги направиме потребните прилагодувања доколку наШата програма не функционира. Да пробаме различни техники или доколку извесни техники добро функционираат, да ја подобриме и зголемиме фрекфенцијата на нивната употреба.





Генерални забелешки

Откако сме ја развиле базата на планови за јавни односи, можеме да го направиме планот уште подобар:

- Креативност, Флексибилност и Адаптација

Нема зацртан модел за успешна програма. Она што функционира во една ситуација, може да не фунционира во друга. Различни околности бараат различни стратегии, технички и методи на повратна информација ( феет бацк ) и евалуација. Затоа, не треба да бидеме регидни, туку да се адаптираме на новонастанатата ситуација.

- Кредибилитет

Нашиот план треба да биде изграден врз највисоки етнички стандарди. Не траба со ништо да дозволиме да го нарушиме идентитетот или улогата на организацијата.

- Консистенција - Доследност

Сите пораки мора да бидат доследни. Не смее да создадеме конфузија кај јавноста со различни, двосмислени информации.

- Сеопфатност

Сите пораки испратени од нашата организација треба да бидат составен дел на целиот план.

- Долгорочност

Никогаш не треба да ги изгубиме чуството за иднина. Планот нема да биде успешен доколку ја игнорираме или заборавиме долгорочната видливост на организацијата.

• Фокусирање на јавноста

Панот секогаш треба да биде фокусиран на јавноста, клиентите т. е. на оние кои нашата организација им дава услуги. Секој аспект, на некој начин, мора да одговара на потребите на целната група.

Како да се направи успешна проценка на НВО

Повеќето НВОи работат на промоција и поддршка на активностите кои се насочени коон граѓаните. Се разбира дека еден од најважните фактори од нивниот развој се финансиите. Но, за жал, и покрај седумте години практика, речиси сите НВОи зависат од финансиските примања што ги добиваат од различни фондации.

Оценување и набљудување

Оценувањето е процедура прку која се гледа дали една организација е успешна или не. Ниту едно НВО може да ја проценува својата работа само преку финансиските извештаи или финансискта документација. Всушност оценувањето НВОи ги вклучува следниве аспекти:

- Како е организирано планирањето
- како се одлучува
- Став што го имаат НВОи спрема тимската работа
- Каков вид структура постои во НВО
- Кој е финансиски менаџер
- Како се решаваат проблемите
- Кој е организатор на времето





- Односите помеѓу местото моќ и раководителите
- Каков вид јавни односи постојат

Главната цел на проценката е да се добијат повеќе информации кои би се користеле во понатамошниот менаџмент.

Критериум за проценка на успехот на НВО

Одржливост на НВО

а ) Инструментален развој на НВО

- Како може со проектот да се развие НВО?
- Дали проектот помага да се одржи мисијата?
- Дали членството се зголемило или намалило при работа на прокетот?

б ) Комуникации

- Дали е потребан комуникација помеѓу членовите?
- Дали проектот помага да се подобри комуникацијата со други НВОи, власта или други организации?

в ) Финансиска одржливост на НВОи

- Колку спонзори се вклучени во текот на реализацијата на проектот?

За понатамошна оценка, за да се оцени прецизно оценката, треба да се обрне внимание на животниот циклус на едно НВО, Бидејќи постои разлика дали тоа НВО е на почеток на својот развој , или пак е на неговиот крај.

**Улога на медиумите во демократското општество**



Медиумите можат да постојат без демократијата, но демократијата неможе да постои без медиумите. Главна мисија на медиумите во демократското општество е тие да претставуваат глас на народот, негово право да ја слушне вистината, да знае што се случува, да биде информиран за постапките на власта, да може да ја критикува и корегира нивната политика. Но, не постои механизам кој ќе гарантира дека медиумите ќе работат во служба на демократијата и секогаш одговорно ќе ја извршуваат својата улога. Во реалноста слободата на медиумите во голема мера е ограничена и условена од економски, полтички и културни причини. Под влијание на разни притисоци: финансиски интереси на сопствениците на медиумите, политичкички интереси на владеачката класа која сака да наметне одредено мислење во јавноста, интересите на масовната публика која има свои барања и желби за тоа што сака да слушне, многу често во јавноста





се пласираат сензационални, провокативни и невистинити информации. Непожелните влијанија врз слободата на медиумите во демократските општества неможат да се решаваат со донесување на закони кои ќе воспоставaт некоја цензура на информациите туку треба да се прошири обемот на изворите на информации кои ќе бидат достапни за граѓаните за да тие бидат во можност да ги издвојуваат погрешните информации и да се приближат до вистината. Во демократските општества слободата не медиумите тесно е поврзана со нивната одговорност кон општеството. Медиумите имаат обврска да пласираат точни, целосни и непристрасни информации. Секаде во светот постојат етички кодекси во новинарството кои треба да бидат дел од личноста на новинарите и основа во нивните постапки. Во интерес на слободата на медиумите и нивна демократисација најголем допринос досега има одиграно интернетот. Веб сајтовите на интернет се неисцрпен извор на информации, а на форумите се случуваат дебати на кои може да се слушне сечие мислењето. Интернет е место каде најлесно можат да се заобиколат сите цензури и влијанија врз слободата на медиумите.

**Определба на бизнисот и видови бизнис**

*„Се восхитуваме на талентот, на храброста, на добрината, на хуманоста, на големите должности, но ги почитуваме само парите*"
*Н. Becque*

Луѓето бизнисот го разбираат како начин на кој некој поединец или група може да го збогати својот капитал. Според Законот за трговските друштва (ЗТД) на Р. Македонија, секој кој има капитал, храброст и идеа може да отпочне свој бизнис.Бизнисот вообичаено се организира на неколку начини. Воглавном основна форма на организација е претпријатието. Претпријатието е правно лице кое обавува стопанска дејност, произведува материјални добра или услуги за пазарот со цел да оствари што поголем доход , односно добивка.Претпријатието уште се нарекува организирана стопанска единица во која луѓето со својата работна сила и со средствата за производство или имотот на претпријатието произведуваат материјални добра или вршат услуги за потребите на другите (за продажба). Кога станува збор за разновидноста на претпријатијата, треба да се обрне внимание на разликите помеѓу индустриските и занаетчиските претпријатија.
Според право - организациската поделба, претпријатијата се делат на:

- *Претпријатија на поединечно физичко лице (индивидуален сопственик) На пример: трговец поединец*
- *Друштва на лица (ортаклук , партнерств)*





- *Друштва на капитал - друштва со ограничена одговорност , акционерски друштва (корпорации)*

Предноста на претпријатијата од вториот и третиот тип во однос на оние каде се јавуваат индивидуални сопственици се: поголемата економичност , можност за остварување на целта за која е формирано претпријатието, поголема координација на активностите (работата), формализација на власта, воспоставување на комуникациски систем. Сето тоа е така заради фактот што секоја организација има своја организациска култура и организациска клима која во првиот случај недостасува или тешко се воспоставува.

**Видови на бизнис**

Во практиката се среќаваат голем, мал и среден бизнис.
Малите бизниси во однос на големите и средните ги имаат следните предности: поголема можност за вработување, поголема конкуренција, поголеми се можностите да бидат задоволени специфичните потреби и барања на граѓанит, можноста за профит од малите пазари е поголема. Исто така малите бизниси полесно се адаптираат на општествено - економските промени, особено пазарните; овозможуваат ефикасно и ефективно производство, поатрактивни се за талентираните кадри, односно повеќе ги привлекуваат кадрите кои имаат претприемнички дух. Како недостаток на малите бизниси се смета неадекватното финансирање. Средните претпријатија се карактеризираат со поголем обем на работа, поголем број вработени,

поголема поделба на трудот и поголем обем на средства во однос на малите претпријатија. Со нив во принцип управува управен одбор или одбор на директори (два или три најчесто). Организацијата на работа се одвива преку служби, на пр.:финансиска служба, комерцијална служба, служба за општи работи итн.Во секоја од службите има вработени кои добиваат задачи од поконкретен облик за разлика од малите претпријатија каде што едно лице може да има различни задолженија. Кај нас постои институција за поддршка и развој на малите и средните претпријатија која ги помага финансиски и се грижи за нивниот професионален развој. Исто така овие претпријатија можат да користат субвенции од државата, домашни и странски претпријатија и институции. Големите претпријатија се карактеризираат со голем обем на работа, голем број вработени, голама поделба на трудот и голем обем на средства. Со нив управува менаџерски тим. Работата им е организирана преку сектори во кои се формираат служби кои имаат организациони единици. Бројот на служби и организациони единици е во зависност од обемот на работа.Секој вработен има конкретни задачи што треба да ги извршува.

**Капитал:**
Ова е најважниот од сите услови за започнување на бизнис па затоа е вообичаена поговорката - ако се има пари се има сѐ. . Најчесто капиталот е обезбеден со помош на кредитите кои многубројните банки им ги





нудат на граѓаните.

**Бизнис план:**
Бизнис планот е најважниот документ кој основачот мора да го направи. Бизнис планот помага во реализацијата на компанијата во првите неколку години, а и дава можност за потенцијален инвеститор. Тој документ мора да ги содржи следните информации:
- страна со основни податоци
- резиме
- историја на бизнисот
- цели
- вид на производство или вид на услуги;
- Пазар, клиенти, конкуренција
- Промоција на бизнисот
- Информации за менаџментот (раководењето) и видот и бројот на вработени;
- Финансиски податоци
- Долгорочни планирања за бизнисот
- Планови за непредвидени случаи - ризици

**Начини на отпочнување бизнис:**
- со купување на постоечко трговско друштво;
- преку основање на ново трговско друштво;

**Услови за отпочнување на бизнис:**
- Законска регулативе за отпочнување на бизнис (дозвола за работа)
- Финансии (капитал)
- пазарот
- локација

- финансии
- работна сила

За да отпочнеме со еден бизнис треба да поседуваме место (објект) каде ќе го започнеме бизнисот и место каде сто тој ќе се одвива. Местото треба да биде внимателно одбрано според основните потреби за остварувањето на вашиот бизнис.
За отпочнување на бизнисот ни е потребна дозвола за работа која може да ја издаде Министерството за економија на Република Македонија.
Постапката за регистрирање на трговско друштво е следната:
**Стекнување на правен субјективитет**.
Потребно е да се регистрира дејноста на претпријатието - фирмата. Тоа е постапка која се извршува преку судовите. Врз основа на акт (изјава, Статут) се определува името на претпријатието - фирмата (како трговец поединец, ДООЕЛ . ДОО итн); За таа цел секое претпријатие треба да поседува имот (капитални добра: згради, машини, алати, а ако бизнисот поврзан со земјодели , сточарство - соодветни производи. Според Законот за трговски друштва имотот треба да биде во висина од околу 5000 евра.
Објавување на решението во службен весник;
Пријавување во Завод за статистика, управа за јавни приходи (каде се добива даночен број) и отварање на жиро сметка во соодветна банка.
Во членот 55 од Законот за трговски друштва се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.
Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите





субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето.

Член 56
Сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита.
Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на македонскиот народ и на националностите, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим.
Со закон се уредуваат начинот и условите под кои определени добра од општ интерес за Републиката можат да се отстапат на користење.

Член 57
Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.

Член 58
Сопственоста на трудот се основа за управување и

учество во одлучувањето.
Учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручност и компетентност.

Член 59
На странските вложувачи им се гарантира правото на слободно изнесување на вложениот капитал и добивката.
Правата стекнати врз основа на вложениот капитал не можат да се намалуваат со закон или друг пропис.

Член 60
Народната банка на Република Македонија е емисиона банка.
Народната банка е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата , за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Републиката и кон странство.
Организацијата и работата на Народната банка се уредуваат со закон.

**Работна сила:**
Како работна сила во денешново општество се користат машини, но во зависност од видот на бизнисот може да се искористи и човекот.





ИМОР
www.imor.org.mk/programmes/graganskoopstestvo